ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА

# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗА 2020 ГОДИНА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



## Издавач
Хелсиншки комитет за човекови права,
претставуван од претседателката проф.д-р Неда Здравева

## Уредничка
Уранија Пировска

## Јазична редакција
проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

## Дизајн
РСИ Копи

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ....................................................................................................4

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ..................................................................7

РАБОТНИЧКИ ПРАВА ....................................................................................8

ТЕКСТИЛНИ РАБОТНИЧКИ ........................................................................21

ДИСКРИМИНАЦИЈА ......................................................................................25

ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ............................................................................34

РОДОВА ЕДНАКВОСТ ..................................................................................39

ПРАВОСУДСТВО ............................................................................................45

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ .........................................................................48

ГОВОР НА ОМРАЗА ......................................................................................52

ДЕЛА ОД ОМРАЗА .........................................................................................59

ЛГБТИ- ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА ................................................................62

# ВОВЕД

Здравствената криза од глобални размери во 2020 година го доведе светот во состојба на неизвесност и страв, со бројни социјални и економски последици. Мерките за заштита на јавното здравје и напорите за спречување на ширењето на коронавирусот, неизбежно добија примат врз правата и слободите на граѓаните. Прогласувањето карантини и полициски часови значеше и директно задирање во основните човекови права, како што е слободното движење. Сепак, со оглед на брзината со која завладеа пандемијата со вирусот Sars Cov 19 и бројните непознаници поврзани со неговата природа, овие ограничувања беа широко прифатени како „нужно зло“. Допрва следат потемелни анализи за ефектите од глобалната криза врз состојбата со човековите права, имајќи ги предвид длабоките импликации од кризата врз политичките и економските констелации во и помеѓу државите. Но, останува заклучокот, кој се наметна уште во првите месеци од кризата – дека посиромашните и маргинализираните луѓе беа и сè уште се несразмерно попогодени од кризната состојба. Ова го покажува и рекордниот број барања за бесплатна правна помош доставени до Хелсиншкиот комитет во текот на пандемиската 2020.

Грубите прекршувања на работничките права започнаа веднаш по прогласувањето на вонредната состојба, а некои компании пристапија кон откази за вработените уште пред реално да се почувствуваат последиците од кризата. Најголемиот број случаи пријавени во Комитетот се однесуваа на откажување на договорите за вработување, принудно ,,спогодбено'' раскинување на работниот однос, и намалување и неисплаќање на плата. Често се прекршуваа и владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот, а текстилните работнички беа меѓу најизложените на здравствен ризик поради несоодветните услови за работа и превоз до работното место.

Во кризата не изостана ни профитерството на приватните здравствени установи, но и други форми на злоупотреби на кризната ситуација. Случаи со незаконско профитирање од буџетската помош беа забележани при спроведувањето на антикризните пакет-мерки на Владата на РСМ, и покрај бројните апели дека целта на државната финансиска поддршка треба да биде зачувувањето на работните места.

Што се однесува на измените во трудовото законодавство, иако новиот Закон за работните односи почна да се изготвува уште во првата половина на 2018 година, тој не влезе во собраниска процедура ниту во 2020 година. Во декември, новиот текст на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство повторно влезе во собраниска процедура, но не беше изгласан до крајот на годината. Но, конечно беше усвоен Законот за спречување и заштита од дискриминација, по макотрпен процес и бројни препреки, што најмногу се одрази врз оние кои треба да бидат заштитени со прописите. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како заштитен механизам, на граѓаните им беше недостапна од август 2019 и во текот на целата 2020 година, со што се намали ефективната заштита од дискриминација.

Хелсиншкиот комитет и во текот на 2020 продолжи да ги следи реформите и работењето на правосудството како активна членка на Блупринт-групата. Во однос на целокупните постапки за носење нови законски решенија, процесот на донесување на дел од законите беше оценет како транспарентен и инклузивен, што придонесува за зголемување на довербата на граѓаните во правосудните институции, но, кај дел од законите, постапката и процесот на донесување на новите законски решенија не беа позитивно оценети. Кај најголем дел од законите, чие донесување е предвидено со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 – 2022) кои беа усвоени и стапија на сила во изминатиот период, спроведувањето на законските решенија во пракса е оценето како коректно и навремено. Министерството за правда презеде и значајни активности во насока на промоција на Законот за бесплатна правна помош и за зголемување на информираноста на граѓаните. Сепак, има забелешки во процесот на имплементација на Законот за Јавното обвинителство,

Законот за управни спорови, Закон за Судски совет на РСМ, како и делови од Законот за бесплатната правна помош.

На 25 март 2020 година, Советот на Европската Унија, врз основа на препораките на Европската комисија, безусловно донесе политичка одлука за отпочнување преговори за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија. Истовремено, Европската комисија се задолжи во најкраток можен временски период да ја подготви преговарачката рамка согласно со новата методологија за преговори. Со тоа уште еднаш се потврди важноста на Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права како клучен основ во напредокот на преговорите, како и неговото влијание врз севкупниот процес на пристапување. Оттаму, мониторингот на граѓанските организации на напредокот во Поглавјето 23 е од суштинско значење. Имајќи го ова предвид и следејќи го развојот на настаните, Хелсиншкиот комитет упати апел за почитување на човековите права преку навремено и транспарентно информирање на јавноста со точни информации со цел зголемен јавен надзор врз извршните власти за време на вонредната состојба.

И покрај заложбите на германското претседателство и интензивните преговори помеѓу делегациите од Република Северна Македонија и Република Бугарија, на 16 ноември Советот на Европската Унија не постигна едногласност за почеток на преговорите и одржување на првата меѓувладина конференција во декември. Иако Бугарија инсистираше на вклучување на нејзините барања во преговарачката рамка, сепак, останатите земји членки едногласно го отфрлија ова барање. Европската Унија, претставена од германското претседателство, потенцираше дека билатералните прашања треба да се чуваат надвор од преговарачката рамка.

На политички план, исто така, доминираше дискусијата околу одржувањето на предвремените парламентарни избори на 15 јули. Прелиминарните наоди на ОБСЕ/ОДИХР преку нивната набљудувачка мисија нотираа дека предвремените парламентарни избори генерално беа спроведени ефективно и покрај приспособувањата како одговор на пандемијата, но и дека правната стабилност беше нарушена со суштински ревизии на Изборниот законик и последователна ad hoc регулатива донесена за време на вонредната состојба. Кампањата, иако со негативен тон, беше вистински конкурентна и учесниците беа во можност да ги пренесат своите пораки и покрај ограничувањата на вообичаената комуникација.

Во година кога доминираа негативните трендови во многу области на човековото живеење, бележиме два позитивни резултати во меѓународното застапување – пресудата за малиот Леон, чиј случај постави преседан поради самото прифаќање на апликација во име на малолетно лице со попреченост, без можност да даде согласност да биде застапувано пред Европскиот суд за човекови права. Вториот успех е претставката, која минатата година ја поднесе Хелсиншкиот комитет до CEDAW-комитетот[1], кој потоа утврди неправда и даде препораки за државата за структурни промени и искоренување на штетните практики во пристапот до гинеколошки услуги на Ромките. Повеќекратната системска дискриминација на Ромите во Северна Македонија во 2020 година се манифестираше и преку случаите на полициска бруталност врз припадници на оваа заедница, како и немањето пристап до чиста вода, санитетски материјали и здравствена заштита во услови на пандемија.

Затворањето на дневните центри за поддршка, неприспособеното учење на далечина, како и невозможноста за социјално дистанцирање за лицата зависни од поддршка при извршување на секојдневни функции, се само дел од предизвиците со кои се соочија лицата со попреченост. Единствено, олеснителна околност за нив беше изземањето од одлуките со кои се спречува движењето, како и владините одлуки за редуцирање на административните процедури.

Управата за извршување на санкции генерално добро се справи со пандемијата предизвикана од Sars Cov 19 Во летото, во период на олабавени рестриктивни мерки, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници спроведоа теренски посети за набљудување на состојбата во

[1] Комитет за елиминација на дискриминацијата врз жените е тело на независни експерти на ООН кое ја набљудува имплементацијата на Конценцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените.

сите казнено-поправни установи и воспитно-поправната установа. Покрај редовните предизвици со кои се соочуваат овие установи, тимовите ја документираа и состојбата  со здравствената заштита и правата на осудените лица кои треба да ги уживаат и за време на пандемијата.

Низата рестриктивни мерки кои го опфатија целото население, меѓу кои препораките за самоизолација, сериозно го зголемија ризикот од насилничко однесување во домот. На овие предуслови за семејно насилство се надоврзува и стресот предизвикан од неизвесната егзистенција и отежнатото секојдневно функционирање на луѓето. Домот не е безбеден за многу жени, но и за многу ЛГБТИ-лица, кои  беа присилени да живеат во хомофобично и насилно опкружување поради ограниченото движење. Од опасностите што ги носи загрозеното ментално здравје, па сè до хетеронормативноста на одредени мерки за превенција од вирусот, ова беше несомнено тешка година и за ЛГБТИ-заедницата.

Стресот од загрозена егзистенција, затворањето на градинките, училиштата и други установи и јавни објекти, неизвесната иднина, силно се одрази врз физичкото и  менталното здравје на граѓаните и ги измести колективните динамики во општеството. Сето ова се одрази и во јавната комуникација, со засилен негативен набој, особено на социјалните мрежи. Во 2020 година, регистриравме зголемување на пријавите за говор на омраза за 130 % споредено со претходната година. Сè уште најмногу се мрази на етничка основа, а следат политичката припадност и сексуалната ориентација. Кризата, за жал,  наметна и нов основ за говор на омраза – здравствената состојба. Во однос на нашите пријави за говор на омраза, и понатаму изостанува неопходниот одговор од надлежните институции, особено од Јавното обвинителство. Таквиот недозволив однос на обвинителските органи беше забележан и во случајот Јавна соба, кој се разоткри во првите месеци од 2020 година, а по кој Обвинителството не постапи до крајот на годината. Неказнивоста ја остави отворена можноста за повторување на вакви случаи на злоупотреба и сексуалното вознемирување на жени и девојки.

Вкоренетите социјални сегрегации во општествата се манифестираа уште на самиот почеток од справувањето со пандемијата. Не само класните туку и родовите, сексуалните, дури и поделбите по возраст. А затајувањето на механизмите на меѓународна солидарност при распределбата на вакцините, кое се почувствува при крајот на годината, го наговести неизвесниот понатамошен  тек на борбата со глобалната опасност и продлабочувањето на јазот помеѓу моќните и немоќните и на светско ниво. 2021 несомнено ќе биде година на продолжена борба со коронавирусот. Останува само да се надеваме дека ќе донесе и закрепнување на луѓето и заедниците, но и преобмислување на приоритетите на човештвото.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Уште од основањето во 1994 година, Хелсиншкиот комитет дејствува во насока на правно зајакнување и правна поддршка на граѓаните. Комитетот од 2016 година е регистриран како овластено здружение за обезбедување примарна правна помош, согласно со Законот за бесплатна правна помош.**

Од почетокот на пандемијата во март 2020 година, Хелсиншкиот комитет регистрира значително зголемување на барателите на бесплатна правна помош. Во текот на годината, Комитетот им обезбеди правна помош на 742 граѓани (340 мажи и 402 жени) во областа на работните односи и пристапот до вработување, семејното и родово базираното насилство, семејните односи, социјалната заштита, дискриминацијата, говорот на омраза и делата од омраза. Покрај овие, во голем дел беа застапени и барањата за правна помош за прашања директно или индиректно предизвикани од пандемијата – прашања за мерките и препораките за спречување и заштита од коронавирусот, како и прашања за здравствените, економските и социјалните последици од пандемијата. Најголем процент, односно околу 80 отсто од лицата кои се обратија, се припадници на македонската етничка заедница, на второ место се припадниците на албанската заедница со приближно 9 отсто од барањата и ромската заедница со 4,5 отсто.[2]

Дополнително, во 2020 година поднесовме три барања за секундарна правна помош до Министерството за правда, за враќање во владение, физичка делба и законска издршка на малолетно дете. Едно од поднесените барања беше одобрено, едно беше одбиено и обжалено пред второстепениот орган, а по едно барање постапката е во тек.

Во процесот на обезбедување бесплатна правна помош за маргинализираните и ранливи групи на граѓани, Комитетот се  соочи со значителни предизвици. Сепак, канцеларијата за бесплатна правна помош остана отворена за барателите на правна помош во текот на целата година, со соодветно почитување на сите мерки и препораки за превенција и заштита од коронавирусот. Најкритични беа првите месеци од прогласување на вонредната состојба, кога работата мораше да се реорганизира и да се приспособи на новонастанатите околности. Тоа подразбираше ограничување на личната, непосредна комуникација со барателите. Директните средби со странките се остваруваа само по исклучок,  особено при комуникација со повозрасни лица, лица кои живеат во крајна сиромаштија, лица кои дошле од друго место, како и со лица од останатите ранливи категории.

Во текот на целата година, Комитетот објавуваше месечни извештаи за состојбата со човековите права во услови на пандемија. Извештаите беа подготвени врз основа на прибрани податоци од барателите на правна помош и идентификуваните недостатоци во системот. Овие мониторинг-извештаи, дистрибуирани до медиумите и објавени на официјалната веб-страница на Комитетот, ги информираат носителите на одлуки (а особено Министерството за правда, како надлежна институција) за нашите препораки за унапредување на системот на бесплатна правна помош.

[2] Коцевски Г. (2021). *Заштита на човековите права преку унапредување на бесплатната правна помош*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/zashtita-na-chovekovite-prava-preku-unapreduvanje-na-besplatnata-pravna-pomosh/

# РАБОТНИЧКИ ПРАВА

*Ти да знаеш, паметуваш*
*и ем да си на ум имаш –*
*работник си – и работник*
*ти ќе паѓаш и се дигаш.*

*Луњи ли ќе пусти дојдат*
*сонце ли ќе јасно грејне –*
*патиштата, патиштата*
*пред тебе се на борбата.*

*Кочо Рацин (1939)*[3]



(фото: Арбнора Мемети)

Здравствената криза предизвикана од новиот коронавирус ја одбележа 2020 година,[4] а работничките и работниците беа први на удар поради несоодветното справување со нејзините последици, давајќи ѝ на оваа ситуација карактер и на работничка криза. Кризната состојба за работниците значеше борба за зачувување на своето и на здравјето на најблиските, но и борба за спас на егзистенцијата. Веднаш по прогласувањето на вонредната состојба, бевме сведоци на груби прекршувања на работничките права и секојдневен раст на бројот на вакви случаи.

Токму затоа, во текот на целата година Хелсиншкиот комитет непрекинато продолжи да обезбедува бесплатна правна помош на сите работници. Регистрираните податоци за прекршувања на работничките права беа прикажувани и анализирани во месечни,[5] полугодишни[6] и периодични извештаи,[7] во Посебниот извештај за состојбата со човековите права во време на COVID-19,[8] во прегледот на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот,[9] како и во анализата за работата на Државниот инспекторат за труд за време на кризната состојба.[10]

---

3 Рацин, К.С. (1939). *Поетски творби: Елегии за тебе*. Македонска книга.
4 Болеста предизвикана од новиот коронавирус SARS-COV-2. World Health Organisation. (2020, December 14). *Timeline: WHO's COVID-19 response.* Достапно на: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/interactive-timeline# (последен пат пристапено на 21.3.2021)
5 Хелсиншки комитет за човекови права (2020). *Месечни извештаи*. Достапно на: https://mhc.org.mk/mesechni-izveshtai-za-sostojbata-so-chov/
6 Хелсиншки комитет за човекови права (30 април 2020). *Состојбата со работничките права, полугодишен извештај 1 ноември 2019 – 30 април 2020.* Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/sostojbata-so-rabotickite-prava-2020/ Хелсиншки комитет за човекови права (8 декември 2020). *Состојбата со работничките права, полугодишен извештај 1 мај – 31 октомври 2020.* Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/sosto%d1%98bata-so-rabotnichkite-prava-polugodishen-izveshta%d1%98-1-maj-31-oktomvri-2020/
7 Хелсиншки комитет за човекови права (8 јули 2020). *Работничките права во време на коронавирусот – сумирани податоци.* Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-sumirani-podatoczi-2/ За повеќе види *Специјални извештаи,* достапно на https://mhc.org.mk/speczijalni-izveshtai/page/3/
8 Хелсиншки комитет за човекови права (13 октомври 2020). *Посебен извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/poseben-izveshta%d1%98-za-sosto%d1%98bata-so-chovekovite-prava-vo-vreme-na-kovid-19/
9 Петковска, Н. (30 ноември 2020). *Преглед на владините мерки за превенција и заштита од корона вирусот и нивното влијание врз работничките права.* Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/pregled-na-vladinite-merki-za-prevenczi%d1%98a-i-zashtita-od-korona-virusot-i-nivnoto-vli%d1%98anie-vrz-rabotnichkite-prava/
10 Јадровски, И. (3 јануари 2021). *(Не)ефикасноста на Државниот инспекторат за труд во заштитата на работничките права*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/special-report/neefikasnosta-na-drzhavniot-inspektorat-za-trud-vo-zashtitata-na-rabotnichkite-prava/

## I. Најчести повреди и основи за постапување во 2020 година

Во текот на 2020 година, регистриравме 395 случаи на прекршувања на работничките права, што опфатија најмалку 3368 работници во државата. Правната помош во документираните случаи се состоеше од правно советување, информирање на работниците за нивните права, иницирање на управни постапки, насоки за почнување на судски работни спорови и следење на судските постапки.

| Регистрирани случаи | Опфат на работници |
|---|---|
| 395 | 3368 |

| јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август - септември | октомври | ноември | декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30/45 | 16/16 | 65/1583 | 85/920 | 20/218 | 31/31 | 27/27 | 42/400 | 23/23 | 21/70 | 35/35 |






Низ текот на годината, регистриравме прекршувања на работничките права во врска со:

- право на регрес за годишен одмор;
- повреди на работното место;
- иницирање постапки пред Државниот инспекторат за труд за заштита на работничките права и/или водење на судска постапка за спорови од работни односи;
- постапката за заштита од вознемирување на работно место и
- прекувремена работа.




Прибраните податоци за работничката криза како последица на пандемијата, говорат дека најкарактеристичните прекршувања на работничките права се однесуваа на откажување на договорите за вработување; принудно спогодбено раскинување на работниот однос; противправно непродолжување на договорите на определено време; намалување и/или неисплаќање на плата и непочитување на владините мерките за превенција и заштита од коронавирусот.

## II. Влијанието на ковид-19 кризата врз работничките права

Во декември 2019 година, во градот Вухан, во провинцијата Хубеи во Народна Република Кина, се појави нов коронавирус што за кратко време почна да се шири и во другите делови на светот.[11] Првиот позитивен случај во Македонија беше регистриран на 26 февруари 2020 година. По појавата на неколку случаи на пациенти дијагностицирани со ковид-19, Владата донесе неколку мерки и препораки за заштита и превенција од коронавирусот,[12] а на 11 март 2020 година Светската здравствена организација прогласи пандемија.[13]

[11] World Health Organisation. (2020, December 14). *Timeline: WHO's COVID-19 response.* Достапно на: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/interactive-timeline# (последен пат пристапено на 21.3.2021)

[12] Сите мерки и заклучоци од седниците на Владата поврзани со превенцијата и заштита од коронавирусот се достапни на официјалната страница на Владата: https://vlada.mk/covid19 (последен пат пристапено на 21.3.2021)

[13] World Health Organization. (2020, March 18). *WHO Director-General's opening remarks at the media briefing on COVID-19 – 11 March 2020.* Достапно на: https://www.who.int/director-general/speeches/detail/who-director-general-s-opening-remarks-at-the-media-briefing-on-covid-19---11-march-2020 (последен пат пристапено на 21.3.2021)

На 10 март, Владата донесе мерка со која го прекина воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки и во основните училишта.[14] Истовремено, Владата одлучи дека за спроведување на оваа мерка, еден од родителите чии деца до десетгодишна возраст посетуваат настава во градинка или основно училиште, ќе бидат ослободени од обврската да ги извршуваат работните задачи.[15] Веднаш потоа беа утврдени и категориите на лица кои треба да бидат ослободени од работа и работни активности, поради одредени здравствени состојби.[16] На 14 март, Владата им препорача на сите работодавачи во државата, во зависност од типот на работата и можностите, да ја организираат работата и начинот на работата на вработените лица преку институтот „работа од дома".[17] На 18 март 2020 година, Македонија прогласи вонредна состојба на територијата на целата држава.[18] Паралелно со зголемувањето на бројот на случаи со коронавирус, растеа и прекршувањата на работничките права. Веднаш по воведувањето на првата мерка од страна на Владата, Хелсиншкиот комитет ги регистрираше првите нерегуларности пријавени од повеќе работници.

***Отпуштања од работа***

Покрај потребата од солидарност и заедништво за време на една ваква криза, многу работодавачи веднаш прибегнаа кон откажување на договорите за вработување, без да согледаат други можности. Во првата половина од годината регистриравме 44 вакви случаи, а нашата правна помош во овој дел опфати приближно 460 работници. Подолу ќе бидат претставени два најкарактеристични случаи на масовни отпуштања за периодот, пријавени од страна на вработените што добиле отказ од избраните работодавачи.

➢ Друштвото за продукција и постпродукција на видео и филмски материјали ФХЗХ ДОО Скопје извести 20 работници дека ќе им бидат откажани договорите за вработување од деловни причини и дека во целост ќе укине една организациона единица. Според сознанијата што работниците ги споделија со нас, работодавачот ги известил дека: „…*Спроведените анализи и сите индикатори не укажуваат на можност за значителна промена на овој тренд во текот на оваа и на годините кои следуваат. Имајќи во предвид дека поради светската пандемија со вирусот COVID-19 и работата на најголемите холивудски студија е запрена на неопределено време, овие потешкотии на Друштвото се дополнително нагласени. Со вака намалениот обем на активности од овој вид, постоењето на овој оддел во рамките на целокупната организациона поставеност на Друштвото е неодржливо и влијае на целокупната рационалност, економичност и ефикасност на работењето."*

○ Некоректниот однос на работодавачите кон своите вработени и асиметричната моќ помеѓу нив, беа уште еднаш потврдени преку примерот на Друштвото за трговија и услуги КАСТ ИНВЕСТ ДОО Скопје. Таму, работодавачот противзаконски усно им ги „откажал" договорите за вработување од деловни причини на 120 вработени, кои биле известени дека ќе се отвори стечајна постапка за Друштвото. Отказното решение не содржело никакво образложение за деловните причини поради кои им биле откажани договорите. Работодавачот, спротивно на Законот за работните односи,[19] не започнал постапка на консултации со претставниците на работниците, најмалку еден месец пред почетокот на колективното отпуштање, ниту пак ги обезбедил работниците со сите релевантни информации заради постигнување договор.[20] Работодавачот не

---

[14] Влада на Република Северна Македонија. (10 март 2020). *Извадок од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година.* Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/zakluchoci_covid-19.pdf (последен пат пристапено на 21.3.2021)

[15] Влада на Република Северна Македонија (10 март 2020).

[16] Влада на Република Северна Македонија (10 март 2020). *Извадок од Нацрт-записникот од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2020 година*. Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/izadok_od_16_sednica_na_vrsm.pdf (последен пат пристапено на 21.3.2021)

[17] Влада на Република Северна Македонија (10 март 2020). *Извадок од Нацрт-записникот од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2020 година*. Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/zaklucok_19_sednica_vrsm.pdf (последен пат пристапено на 21.3.2021)

[18] Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 18.3.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.68/2020).

[19] Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19).

[20] Член 95 став 2 од Законот за работните односи.

доставил ниту известување до службата надлежна за посредување при вработување во врска со планираните колективни отпуштања и за консултациите со претставниците на работниците.[21] Следствено, работниците не биле запознаени со начинот на спроведување и текот на постапката за откажување на нивните договори за вработување од деловни причини, па оттаму и не можеле соодветно да ги заштитат своите работнички права и правни интереси. Дополнително, работодавачот не го навел ни минималниот отказен рок, кој важи во случај на колективни отпуштања.[22] Дел од работниците воопшто не добиле отказно решение. Покрај приговори, работниците поднесоа и кривична пријава до надлежното јавно обвинителство за повреда на правата од работен однос, преку адвокат ангажиран од Хелсиншкиот комитет за човекови права. Во моментот на подготвување на овој извештај, оттаму сè уште нема никаков одговор.

Поради честите масовни отпуштања на цели групи работници, уште со појавата на првите прекршувања апелиравме на неопходноста за мораториум на сите откажувања на договорите за вработување од страна на работодавачите (деловни причини) и на сите намалувања на платите во периодот додека трае кризната состојба.[23]

По масовните отпуштања, работодавачите ги заобиколија притисоците од јавноста и ја злоупотребија вонредната состојба со тоа што влијаеа врз работниците за спогодбено престанување на работниот однос. Во април, рекордни 265 работници пријавија во Хелсиншкиот комитет дека биле принудени да потпишат спогодби за раскинување на договорите за вработување. На овој начин, ним им беше оневозможен каков било пристап до заштитен механизам и тие останаа да се борат за „гола“ егзистенција на маргините на општеството. Уште еден удар за нив беше неможноста да остварат паричен надоместок во случај на невработеност поради тоа што работниот однос им престанал спогодбено.[24] Како реакција на ова, а со оглед на тоа што првичните владини мерки не успеаја да ги заштитат работниците, Комитетот заедно со десетина синдикати и други организации, достави сет од барања до Владата со соодветни конкретни предлози за реализирање на секое од нив. Притоа, беше побарано правото на паричен надоместок за невработени лица во кризата да можат да го остварат и оние на кои работниот однос им престанал со сопствена изјава, спогодбено или поради наводно нарушување на дисциплината.[25]

Во мај, Владата ја презентираше мерката „Паричен надоместок за сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020“ како усогласување со барањата на синдикатите и граѓанските здруженија.[26] Со оваа мерка, беше предвидено дека сите лица кои ја изгубиле својата работа вклучувајќи ги и оние кои го прекинале својот работен однос преку писмена изјава, спогодбено или добиле отказ од работодавачот, ќе добиваат паричен надоместок од Агенцијата за вработување во времетраење од два месеци. Мерката опфати најмалку 8000 работници чијашто егзистенција беше сериозно загрозена, затоа што беа оставени без единствениот основ по кој остваруваат примања.[27]

Уште една група работници кои за време на кризата беа изигрувани од несовесните работодавачи се работниците со договори на определено време. Работодавачите одлучуваа дека повеќе немаат потреба од нив, па по истекот на определеното време за кои се склучени, не им ги продолжуваа договорите за вработување. Ова е особено загрижувачки ако се знае дека во 2018 година, 25,8 отсто од вработените биле

---

[21] Член 95 став 6 од Законот за работните односи.
[22] Член 88 став 2 од Законот за работните односи.
[23] Хелсиншки комитет за човекови права (21 март 2020). *Итно да се преземат мерки против отпуштањата од работа додека трае кризата.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/itno-da-se-prezemat-merki-protiv-otpushtanja-od-rabota-dodeka-trae-krizata/
[24] Дрпљанин, В. (2 декември 2020). *Пандемиски откази и правото на паричен надоместок во случај на невработеност*. ResPublica. Достапно на: https://respublica.edu.mk/mk/blog/2020-12-02-10-19-23 (последен пат пристапено на 15.3.2021)

[25] Хелсиншки комитет за човекови права (13 април 2020). *Барања до Владата за заштита на работниците и сиромашните.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/baranja-do-vladata-za-zashtita-na-rabotnicite-i-siromashnite/
[26] Влада на Република Северна Македонија (28 мај 2020). *МТСП: Парична помош за сите невработени кои имале прекин на работен однос во периодот од 11 март до 30 април*. Достапно на: https://vlada.mk/node/21537?ln=mk
[27] Петковска, Н. (30 ноември 2020). *Преглед на владините мерки за превенција и заштита од корона вирусот и нивното влијание врз работничките права.* Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/pregled-na-vladinite-merki-za-prevenczi%d1%98a-i-zashtita-od-korona-virusot-i-nivnoto-vli%d1%98anie-vrz-rabotnichkite-prava/

ангажирани преку договори на определено време, што значи дека секој четврти работник во Македонија е вработен со ваков вид договор.[28] Формално правно договорите за вработување склучени на определено време престануваат со истекот на рокот за кој се случени и престанокот на работниот однос на овој начин не претставува прекршување на трудовата легислатива. Сепак, злоупотребата на моќта што ја имаат работодавачите врз работниците чии договори на определено време истекуваат за време на економска криза од овие размери, претставува значителен удар за егзистенцијата на една од најранливите категории работници.[29] На пример, ова е особено забележливо во текстилната индустрија, каде што работничките честопати работат врз основа на договори за вработување на определено време, склучени за времетраење од еден месец. Ова значи дека секој месец судбината на нивниот работен однос е неизвесна, а стравувањето за губење на работното место и егзистенцијата го повредува правото на работникот на достоинствена работа.

***Намалување и/или неисплаќање на плати***

По првите месеци од кризата, почнаа да се намалуваат пријавите за отпуштања од работа, но растеше бројот на пријави од работници на кои платата не им била исплатена или им била намалена дури и за 50 отсто, повикувајќи се на институтот „виша сила“. Министерството за труд и социјална политика даде свое толкување на членот 112 од Законот за работните односи. Според Министерството, работникот има право на надоместок на платата за целото време на отсуство, а висината на надоместокот е различен за различни ситуации. Имено, Министерството укажа на тоа дека за да не дојде до отпуштање на работниците, под одредени околности, работниците можат да го користат институтот „принуден одмор“ со надоместок на плата во износ од 70 отсто. Дополнително, Министерството го толкува институтот „виша сила“ како ситуација во која заради спречување на ширење на коронавирусот, целосно беше забранета работата на правните субјекти во одредени дејности – оттаму и работодавачите можат да ја користат одредбата од членот 112 став 7 од Законот за работните односи за периодот додека не постојат можности за работа и да им исплаќаат на работниците надоместок во висина од 50 отсто од платата.[30]

Во оваа насока, неизбежно е да се напомене дека Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен акт, предвидува дека единствено Собранието е надлежно за автентично толкување на законските одредби.[31] Ваквото толкување особено загрижува поради тоа што целта на едно министерство за труд и социјална политика треба да биде обезбедување и воспоставување безбедни, фер и хармонични практики и политики за работниците на работното место, што се од суштинско значење за општествената и за економската благосостојба.[32] Објавата за толкувањето на оваа одредба во моментот на изготвување на овој извештај е тргната од веб-страницата на Министерството.[33]

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) реагираше дека одлуките на Владата со кои целосно се забрани работата на правните субјекти во одредени дејности, а заради спречување на ширењето на коронавирусот, не претставуваат виша сила.[34] Оттука, заедно со ССМ побаравме Владата да донесе уредба со која ќе уреди дека платите на работниците нема да можат да се намалуваат повеќе од 20 отсто за време на оваа криза, како што е дефинирано со Општиот колективен договор (ОКД) за приватниот сектор во областа на

---

[28] Савески З. (16 март 2020). *Договорите на определено време – алатка за изнудување покорност*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/kolumni/dogovorite-na-opredeleno-vreme-alatka-za-iznuduvanje-pokornost/

[29] Савески З. (16 март 2020).
*алатка за изнудување покорност*. Хелсин
шки комитет за човекови права. Достапно на: HYPERLINK "https://mhc.or
g.mk/kolumni/dogovorite-na-opredeleno-vreme-alatka-za-iznuduvanje-pokornost/" https://mhc.org.mk/kolumni/dogovorite-na-opredeleno-vreme-alatka-za-iznuduvanje-pokornost/
/blog/900" https://respublica.edu.mk/mk/blog/900 (последен пат пристапено на 10.3.2021)

[33] Правдико (15 април 2020). *МТСП: Надоместок на плата на работниците, за време на принуден одмор и отсуство од работа поради виша сила.* Достапно на: https://www.pravdiko.mk/mtsp-nadomestok-na-plata-na-rabotnitsite-za-vreme-na-prinuden-odmor-i-otsustvo-od-rabota-poradi-visha-sila/ (последно пристапено на 12.2.2021)

[34] Сојуз на синдикати на Македонија (2020). *Реакција на ССМ на толкувањето на Законот за работните односи од страна на МТСП за исплата на висината на надоместок на плата.* Достапно на: http://www.ssm.org.mk/mk/reakcija-na-ssm-na-tolkuvanjeto-na-zakonot-za-rabotnite-odnosi-od-strana-na-mtsp-za-isplata-na (последно пристапено на 20.3.2021)

стопанството.[35] Во овој случај, ОКД за приватниот сектор содржи одредби кои предвидуваат поповолни права за работниците од Законот за работните односи и тие треба да се применуваат.[36]

Од почетокот на кризата, над 700 работници пријавија во Хелсиншкиот комитет дека не им била исплатена или им била намалена платата минатата година. Дополнително, со неисплаќањето на платите и придонесите, во еден од најкритичните моменти за здравјето на луѓето, огромен број работници и нивните семејства беа оставени без здравствено осигурување.

***Непочитување на мерките за превенција и заштита од коронавирусот***

*- Мерка за ослободување на еден од родителите на деца до десетгодишна возраст*

Една од родовосензитивните мерки на Владата за справување со пандемијата предизвикана од Sars Cov 2-19 беше ослободувањето од работа на еден од родителите кои имаат деца до десетодишна возраст. Откако во март 2020 година Владата го прекина воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки и основни училишта, за целисходно спроведување на оваа мерка, Владата одлучи дека еден од родителите чии деца до десетгодишна возраст посетуваат градинка или настава во основно училиште ќе бидат ослободени од обврската да ги извршуваат работните задачи. Податоците добиени преку пријавите за прекршувања на работничките права покажуваат дека оваа мерка во најголем дел ја користеа мајките.[37] Работничките се соочија со ситуации во кои работодавачите не ги ослободуваа од работни обврски или, пак, тогаш кога ги ослободуваа, им ја намалуваа платата. Некои работодавачи дури им се закануваа на работничките со откази и непродолжување на договорите за вработување на определено време. Ова беа и најчестите прекршувања на работнички права пријавени кај нас во јули 2020 година.

Ваквите податоци повторно ја извадија на површина родовата нееднаквост во нашето општество, што всушност е директен резултат на недоволната посветеност и работа на ова поле во периодот пред кризата.[38] За ова сведочат и податоците на Државниот инспекторат за труд (ДИТ), кој во првите месеци од кризата, најчесто постапувал токму по пријави за прекршувања на мерката за ослободување од работа на еден од родителите кои имаат деца до десетодишна возраст. Овие пријави се застапени со дури 28 отсто од вкупниот број пријави за прекршување на работничките права.[39]

Работодавачите се обидоа да ги заобиколат законските правила за исплаќање целосна плата и/или минимална плата на работниците ослободени со оваа мерка и неправилно се повикуваа на институтот „принуден одмор“. Во ваков случај, за работникот е предвиден надоместок на плата во висина од 70 отсто од платата, што значи дека работникот може да прими надоместок понизок од законски предвидениот износ на минималната плата. Сепак, Државниот инспекторат за труд беше дециден дека на работниците што ги користат владините мерки за ослободување од работа, им следува целосната плата.

*Мерка за ослободување на работници со хронични заболувања*

На 11 март 2020 година, Владата ја усвои мерката за утврдување на категориите лица што треба да бидат ослободени од работа и работните активности, поради одредени здравствени состојби. Помеѓу нив беа работниците со хронични респираторни и тешки кардиоваскуларни заболувања, дијабет ТИП 1, малигни

---

[35] Хелсиншки комитет за човекови права (13 април 2020). *Барања до Владата за заштита на работниците и сиромашните*. Достапно на: https://mhc.org.mk/news/baranja-do-vladata-za-zashtita-na-rabotnicite-i-siromashnite/

[36] Со договорот за вработување, односно со колективен договор може да се одредат правата, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој закон. – Член 12 став 3 од Законот за работните односи.

[37] Петковска, Н. (30 ноември 2020). *Преглед на владините мерки за превенција и заштита од корона вирусот и нивното влијание врз работничките права*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/pregled-na-vladinite-merki-za-prevenczi%d1%98a-i-zashtita-od-korona-virusot-i-nivnoto-vli%d1%98anie-vrz-rabotnichkite-prava/.

[38] Башевска, М. (2019). *Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија*. UNDP-UN Жени.

[39] Петковска, Н. (30 ноември 2020). *Преглед на владините мерки за превенција и заштита од корона вирусот и нивното влијание врз работничките права*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/pregled-na-vladinite-merki-za-prevenczi%d1%98a-i-zashtita-od-korona-virusot-i-nivnoto-vli%d1%98anie-vrz-rabotnichkite-prava/

заболувања и имуно-компромитирачки состојби. Врз основа на ова, Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести подготвија листа со дијагнози во врска со горенаведените здравствени состојби.[40]

Од друга страна, вонредна состојба беше прогласувана во пет наврати во континуитет,[41] со исклучок на периодот од 13 до 15 јуни. Во овие два дена повторно течеа сите рокови, како што се на пример роковите во постапките од работен однос. За последен пат вонредна состојба беше прогласена од 15 до 22 јуни.[42] Поради несигурноста која завладеа кај работниците по завршувањето на вонредната состојба, Владата одлучи дека и по престанувањето на вонредната состојба остануваат во сила мерките со кои, меѓу другото, се ослободуваат од работните обврски хронично болните работници.[43] Во периодот додека траеше оваа мерка, Комитетот регистрираше 17 случаи каде работниците продолжија да одат на работа по барање на нивните работодавачи, спротивно на усвоените мерки. Останатите прекршувања се однесуваа на неисплаќање на платите и/или намалување на платите на работниците ослободени врз основа на оваа мерка.

Дел од работодавачите ја изиграа мерката принудувајќи ги работниците да користат боледување и на тој начин им исплатиле плата во износ од 70 отсто. Останатиот дел од работодавачите директно им ги намалуваа платите на хронично болните работници. Еден ваков пример е група од 200 работници што спаѓаат во категоријата на хронично болни, кои пријавија дека за периодот додека биле ослободени од работни обврски, работодавачот им ја намалил платата за 30 отсто. Ваквото намалување на платите на работници кои објективно не можат да ги извршуваат работните обврски е незаконито, влијае врз нивната и егзистенцијата на нивните семејства и претставува злоупотреба на вонредната состојбата предизвикана од пандемијата. Случајот го пријавивме во Државниот инспекторат за труд, па по спроведување на вонредниот инспекциски надзор беше утврдено прекршување на правата на работниците од страна на работодавачот. Работодавачот постапи по дадените насоки, ги отстрани неправилностите и им ја исплати платата на хронично болните работници во целосниот износ.

*Престанок на важноста на мерките за превенција и заштита од коронавирусот*

На својата четврта седница, Владата одлучи дека од 23 септември 2020 година, престанува важноста на мерките за превенција и заштита од коронавирусот што се однесуваат на хронично болните работници, вработените кои ја користеа мерката за продолжено породилно отсуство и родителите на деца до десетгодишна возраст. Така, работниците со хронични заболувања што беа ослободени од работа, почнувајќи од 23 септември се вратија на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи. Единствениот исклучок предвиден во овој поглед е во однос на лицата кои имаат малигна болест и/или кај кои болеста е во фаза на влошување и кои тоа можат да го докажат со потврда со наод и мислење од лекар специјалист.[44]

---

[40] Министерство за здравство (11 март 2020). *Листа на хронични болести со дијагнози кои се ослободени од работни обврски*. Достапно на: http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/03/LISTA-NA-HRONICHNI-BOLESTI-SO-DIJAGNOZI-KOI-SE-OSLOBODENI-OD-RABOTNI-OBVRSKI.pdf (последен пат пристапено 10.01.2021)

[41] Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 18.3.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.68/2020), Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 17.4.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2020), Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 17.5.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.127/2020), Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 31.5.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.142/2020) и Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 15.6.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.159/2020).

[42] Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 15.6.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.159/2020).

[43] Влада на Република Северна Македонија (12 јуни 2020). *Од 65-тата седница на Владата: Остануваат во сила мерките со кои се ослободуваат од работните обврски родителите коишто имаат деца до 10-годишна возраст или активно четврто одделение; Моловите ќе работат до 22:00 часот*. Достапно на: https://vlada.mk/node/21729 (последен пат пристапено на 10.1.2021)

[44] Влада на Република Северна Македонија (14 септември 2020). *Четврта седница на Владата: Вработените ослободени од работа според листата на хронични, со исклучок се оние со потврда од лекар-специјалист, сите родители на деца кои досега беа ослободени се враќаат на извршување на работните задачи од 23 септември*. Достапно на: https://vlada.mk/node/22484 (последен пат пристапено на 10.1.2021)

Престана да важи и мерката за продолжено породилно отсуство, па работничките што беа ослободени од работа врз оваа основа, повторно почнаа да ги извршуваат своите работните задачи. Оваа одлука беше донесена на владината седница и покрај тоа што само неколку дена претходно беше објавено дека Комисијата за заразни болести до Владата доставила предлог важноста на мерката за продолжено породилно отсуство да трае до крајот на годината.[45] На своите работни места се вратија и вработените што ја користеа мерката за ослободување на еден родител на дете до десетгодишна возраст што посетува настава на кое било ниво од воспитно-образовниот процес во градинка или основно училиште. Мерката за ослободување од работа продолжи да важи само за бремените работнички.[46]

***Злоупотреба на економските пакети за справување со кризата***

Заради справување со последиците од коронавирусот, Владата донесе четири пакети економски мерки што предвидуваат директна финансиска поддршка на ликвидноста кај микро, мали и средни компании од страна на Развојната банка. Притоа, мерките се однесуваа и на поддршка за компаниите во делот на исплатата на плати со субвенционирање на придонеси за вработените во погодените компании. Мерките беа директно насочени за помош на компаниите што оствариле послаби финансиски резултати во 2020 поради коронавирусот.[47]

Според податоците на Управата за јавни приходи, 281 работодавачи што во април примиле финансиска поддршка во износ од 9.995.565 милиони денари (околу 162.300 евра), не ја исполниле обврската за исплата на плата за 722 вработени. Во мај, 427 работодавачи не им ги исплатиле платите на 984 вработени, иако добиле финансиска поддршка во износ од 13.698.998 милиони денари (или 222.430 евра). Други компании им ја скратиле и минималната плата на 52.465 работници и на нивните сметки исплатиле 1,5 милиони евра помалку.[48] Управата за јавни приходи им доставила опомени за неисплатени плати на работодавачите кои користеле финансиска поддршка, а не извршиле исплата. Исто така, на овие работодавачи им биле изречени прекршоци, а Управата, во соработка со Државниот инспекторат за труд, спровела постапки против работодавачите за враќање на добиените финансиски средства во целост.

Поради податоците за злоупотребата на економските мерки, заедно со неколку синдикати и здруженија на граѓани, Хелсиншкиот комитет реагираше дека финансиската помош во иднина треба да биде насочена директно кон работниците, за да се избегне можноста од повторна злоупотреба.[50] Притоа, апелиравме дека целта на државната финансиска поддршка треба да биде да се зачуваат работните места на работниците, а не работодавачите незаконски да профитираат на нивниот грб за време на најголемата здравствена, социјална и финансиска криза на денешницата.

Во текот на август и септември, Владата изјавуваше дека одржува редовни состаноци со коморите, организациите на работодавачи, синдикатите, универзитетските професори и практичарите, со цел носење на четвртиот пакет економски мерки.[51] Претставниците на стопанските комори беа задоволни што и овојпат беа

---

[45] А1он (7 септември 2020). *Комисија за заразни болести: Породилното отсуство да се продолжи до крајот на годината, од работа ослободени и бремените жени*. Достапно на: https://a1on.mk/macedonia/komisija-za-zarazni-bolesti-porodilnoto-otsustvo-prodolzheno-do-krajot-na-godinata-od-rabota-oslobodeni-i-bremenite-zheni/ (последен пат пристапено на 15.1.2021)

[46] Влада на Република Северна Македонија (15 септември 2020). *Бремените жени продолжуваат да ги користат мерките донесени од Владата, од 23 септември се враќаат вработените кои ја користеа мерката за продолженото породилно отсуство*. Достапно на: https://vlada.mk/node/22487?ln=mk (последен пат пристапено на 15.1.2021)

[47] Влада на Република Македонија (2020). *Економски мерки на Владата за справување со кризата од COVID-19*. Достапно на: https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19 (последен пат пристапено на 15.1.2021)

[48] Управа за јавни приходи (28 јули 2020). *Анализа за искористеност на мерката за финансиската поддршка за исплата на плата за април и мај 2020.* Достапно на: http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/808 (последен пат пристапено 14.12.2020)

[49] Хелсиншки комитет за човекови права (29 јули 2020). *Кривична одговорност за фирмите кои користеле државна финансиска поддршка, а не им исплатиле плати на своите вработени*. Достапно на: https://mhc.org.mk/news/krivichna-odgovornost-za-firmite-koi-koristele-drzhavna-finansiska-poddrshka-a-ne-im-isplatile-plati-na-svoite-vraboteni/

[50] МИА (10 септември 2020). *Заев: Со четвртиот пакет мерки опфатени најсиромашните, стимулативна мерка е и враќање на отпуштени работници*. Достапно на: https://mia.mk/zaev-so-chetvrtiot-paket-merki-opfateni-na-siromashnite-stimulativna-merka-e-i-vra-a-e-na-otpushteni-rabotnici/ (последен пат пристапено на 4.2.2021)

вклучени во креирањето на мерките и што Владата прифати голем број од нивните предлози.[52] За разлика од нив, потребите на работниците што беа рефлектирани во барањата на синдикатите и граѓанските организации и во овој пакет мерки не беа земени предвид. Финансиските мерки што навидум се наменети за помош и поддршка на работниците, повторно не им се исплатија директно, а со тоа остана реалната опасност од повторување на злоупотребите.

Ненаучените грешки скапо ги чинеа работниците и дополнително ја загрозуваа нивната егзистенција. Управата за јавни приходи, во декември објави Анализа на финансиската поддршка на работодавачите заради исплата на плати на вработените за месец октомври 2020 година.[53] Вкупно 179 работодавачи кои примиле финансиска поддршка во износ од 5.271.771 денари, не ја исполниле обврската за исплата на плата на 338 вработени за месец октомври. Кај работодавачите кои примиле државна финансиска поддршка, а не ја исплатиле платата на работниците, Управата и Државниот инспекторат за труд најавија дека ќе вршат детални контроли.

Контролите се очекуваше да бидат проследени со инспекциски надзори и кај компаниите кои исплатиле плата пониска од законски утврдениот минимален износ. Листата на компании кои ја злоупотребиле државната поддршка беше доставена до Генералниот секретаријат на Владата, за јавна и транспарентна објава на неплаќачите и таа не можеше да се менува, независно дали по објавата некој обврзник направил исплата на плата за своите вработени.[54]

Кон крајот на декември 2020 година[55], беше најавен и петтиот пакет економски мерки, и овојпат насочен кон компаниите. Проблемите и недостатоците што се игнорираат при спроведувањето на економските мерки, значи дека работниците повторно ќе ги сносат последиците на корумпираниот систем.[56]

Теренска акција за подигнување
на свеста за работничките права,
Кичево, 2020




[51] Влада на Република Северна Македонија (25 септември 2020). *Стопанските комори задоволни од мерките предвидени во четвртиот пакет за поддршка на компаниите и граѓаните и што голем број од нивните сугестии и предлози се прифатени.* Достапно на: https://vlada.mk/node/22624 (последен пат пристапено на 4.2.2021)

[52] Управа за јавни приходи (14 декември 2020). *Анализа на финансиската поддршка на работодавачите заради исплата на плати на вработените за месец октомври.* Достапно на: http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/831 (последен пат пристапено на 8.3.2021)

[53] Влада на Република Северна Македонија. (15 декември 2020). *Ажурирана анализа на неисплатена државна помош за месец октомври за минимална плата од стана на работодавачите корисници на оваа помош (15.12.2020).* Достапно на: https://vlada.mk/node/23553. (последен пат пристапено на 8.3.2021)

[54] Влада на Република Северна Македонија (15 декември 2020). *Ажурирана анализа на неисплатена државна помош за месец октомври за минимална плата од стана на работодавачите корисници на оваа помош (15.12.2020).* Достапно на: https://vlada.mk/node/23553 (последен пат пристапено на 20.3.2021)

[55] ТВ 21 (24 декември 2020). *Премиерот Заев: Петтиот пакет мерки е наменет за најпогодените, државата е тука да им помага на сите граѓани.* Достапно на: https://mk.tv21.tv/premierot-zaev-pettiot-paket-merki-e-namenet-za-najpogodenite-drzhavata-e-tuka-da-im-pomaga-na-site-gragani/?fbclid=IwAR20bl7lPFZPmp5QUqTfTu4ZwAkU-1EGHGZHe_Q1-X2UzbfQaFcfeKoB39g (последен пат пристапено на 20.3.2021)

## III. Новиот Закон за работните односи

Покрај тоа што новиот Закон за работните односи почна да се изготвува уште во првата половина на 2018 година, тој до крајот на 2020, сè уште не беше влезен во собраниска процедура. По подолг период, на 23 септември 2020 година, беше одржан координативен состанок на работната група за изработка на овој закон. Работната група за изготвување на законот договори дејствување преку неделни работни состаноци со физичко присуство на претставниците на релевантните чинители. Министерката за труд и социјална политика предложи во групата да има по еден претставник од секој релевантен чинител, со тоа што репрезентативните синдикати ги гледа како посебни чинители, а граѓанските организации како еден, што значи дека граѓанските организации ќе настапуваат заеднички, по претходни меѓусебни координативни средби. Хелсиншкиот комитет учествува како претставник на целиот граѓански сектор.

На координативниот состанок беше дискутирано настојувањето да се постигне компромис за неколкуте спорни членови од новиот закон, за кои претставниците на работниците и на Организацијата на работодавачи имаат спротивставени гледишта. На средбата беше разгледувана и неопходноста од подетално разработување на деловите на законот кои ќе го регулираат флексибилното работно време и институтот „работа од дома“ – потреба наметната од специфичната ситуација во која беа затекнати работниците, предизвикана од ширењето на коронавирусот.

Министерството за труд и социјална политика ги сподели своите очекувања новиот закон да влезе во собраниска процедура во февруари следната година, а да биде донесен во првиот квартал на годината. Во втората половина од 2020 година, се интензивираше работата на новиот Закон и се одржуваа редовни состаноци на активните чинители во процесот на негова подготовка.

**Некои од новините кои треба да ги воведе новиот Закон за работните односи:**

- ✓ Проширување на дефиницијата на работник: „***работник е секое физичко лице кое е дел од работен однос и/или има договор за вработување со работодавач***“.[57] На овој начин законската заштита ќе ги опфати и работниците кои немаат договор за вработување, но се во реален работен однос. Проширената дефиниција ќе ги заштити граѓаните од ранливи категории кои не се запознаени со различните видови договори и последиците што тие ги произведуваат. Дополнително, на овој начин нашата трудова легислатива ќе се усогласи со европското законодавство[58] и Препораката број 198 на МОТ за работниот однос.[59]

- ✓ Можноста за **работење од далечина**, односно работникот да ја врши работата **надвор од работното место на работодавачот**. Притоа, самиот работник ќе ги определува работното време и периодите на одмор, а работењето од далечина значи дека работникот ќе има дневен и неделен одмор. Овој нов вид вработување овозможува **поголема флексибилност во работата** и е од посебно значење за младите луѓе, студентите, родителите кои се грижат за децата и за работниците во одредени професии како што е, на пример, ИТ-индустријата.

- ✓ **Вработувањето на определено време** ќе може да се склучи **најмногу до три години** наместо, како досега, пет години и на овој начин нема да можат да бидат вработени **повеќе од 20 отсто од вкупниот број вработени кај работодавачот**.

---

[56] Дрпљанин, В. (26 октомври 2020). *Невидливи работници*. ResPublica. Достапно на: https://respublica.edu.mk/mk/blog/2020-10-26-11-16-26 (последен пат пристапено на 15.3.2021)
[57] Европски парламент и Совет (5 јули 2020). *Договорот за функционирање на Европската Унија C-326/49* и *Директивата 2006/54/ЕС*.
[58] Меѓународна организација на трудот (2019). *Препорака број 2, точка 3 од Техничкиот меморандум на МОТ.*

- ✓ **Зголемување на рокот за приговор** на одлуки со кои работникот смета дека му е прекршено некое право, од осум на **петнаесет дена**. Овие новини ќе придонесат кон **ефективен пристап до правда на работниците** при заштитата на нивните работнички права.

- ✓ Воведување на **родителското отсуство,** кое може да се **пренесува помеѓу мајката и таткото** и да се користи во нивен **меѓусебен договор**, во времетраење од девет месеци, односно петнаесет месеци непрекинато. Ова директно ќе влијае на **порамномерна распределба на домашните обврски, еднаквиот придонес во грижата за децата и присуството на двајцата родители на пазарот на трудот**, и е од особено значење за **родовата рамноправност меѓу работниците**.

- ✓ **Сите синдикати ќе имаат својство на правно лице**. На пример, доколку во некоја фирма работниците одлучат да основаат синдикат, тој ќе стекне својство на правно лице со моментот на упис во Централниот регистар.

- ✓ Прецизно уредување и пошироко толкување на институтот **еднакво плаќање за работа со еднаква вредност**, наместо еднаква плата за еднаква работа. Овој институт ќе се применува и на случаи во кои **мажите и жените работат различна работа со еднаква вредност**.

- ✓ **Зголемување на рокот на застарување на паричните побарувања** од работен однос, од три на **пет години,** сметано од денот на настанување на обврската.

## IV. Институционална заштита на работничките права

Врз основа на прибраните податоци преку секојдневната комуникација со работниците, ја следиме и анализираме работата на Државниот инспекторат за труд (ДИТ), како примарна институционална заштита на правата од работен однос. **Во текот на 2020 година, Хелсиншкиот комитет поднесе 90 барања до Државниот инспекторат за труд.**[59] Во 32 случаи од вкупниот број поднесени барања е утврдено некакво прекршување на работничките права, во 27 одговорот од ДИТ е негативен, а на 31 барање Инспекторатот нема доставено одговор. Само во еден случај, Инспекторатот нè извести дека поднел кривична пријава против работодавачот и тоа за случај на повреда на работното место со смртни последици.[60]

Пандемијата предизвикана од ковид-19 и работничка криза како нејзина непосредна последица, ја тестираше функционалноста и ефикасноста на ДИТ. Согласно со извештајот за работата на ДИТ за периодот јануари – јуни 2020 година, Инспекторатот во овој период располагал со 105 инспектори за областите на работни односи и безбедност и здравје при работа распоредени во 30 подрачја. Во овој период ДИТ извршил вкупно 16.892 инспекциски надзори, односно еден инспектор во просек вршел по 1 инспекциски надзор дневно.[61] Иако за време на вонредната состојба ДИТ покажа позитивен тренд на брзо, ажурно и ефикасно постапување, генералниот заклучок е дека не располага со доволно човечки и материјални ресурси за навремено и ефикасно постапување по поднесените барања за вонреден инспекциски надзор. Моменталниот број на вработени лица во ДИТ не е соодветен за справување со обемот на работа, дополнително зголемен за време на кризата.[62]

---

59 Барања за спроведување инспекциски надзор и барања за информации во регистрирани случаи на прекршување на работничките права.

60 Хелсиншки комитет за човекови права (19 декември 2020). *Недостигот на превентивна култура за безбедност и здравје при работа одзема работнички животи.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/nedostigot-na-preventivna-kultura-na-bezbednost-i-zdravje-pri-rabota-odzema-rabotnichki-zhivoti/

61 Јадровски, И. (3 јануари 2021). *(Не)ефикасноста на Државниот инспекторат за труд во заштитата на работничките права*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/special-report/neefikasnosta-na-drzhavniot-inspektorat-za-trud-vo-zashtitata-na-rabotnichkite-prava/

62 Јадровски, И. (3 јануари 2021).

Уште еден институционален проблем е тоа што ДИТ ретко ја користи законската можност за иницирање вонредни инспекциски надзори по службена должност.[63] Оваа пракса се подобри за време на вонредната состојба, особено кај работодавачите кои работеа за време на полициски час.[64]

Во текот на 2020 година, Комитетот регистрираше неколку случаи каде трудовите инспектори ги повредиле начелата на постапување при спроведување на инспекциските надзори.[65] Имено, инспекторите се одговорни ако пропуштат да извршат обврски или да преземат мерки, кои по законот биле должни да ги извршат, односно преземат, во постапката на надзорот.[66] Поради тоа, беше побарано директорот на Државниот инспекторат за труд да поведе дисциплинска постапка против инспекторите кои постапувале во овие два случаи, доколку не ги отстранат сторените неправилности. За еден од овие случаи, бевме известени дека е започната дисциплинска постапка против трудовиот инспектор што постапувал по барањето за вонреден инспекциски надзор.

[63] Дрпљанин, В. (11 март 2020). *„Сè е во согласност со Уставот и законите“*. ResPublica. Достапно на: https://respublica.edu.mk/mk/blog/e-1-3 (последен пат пристапено на 20.3.2021)
[64] Јадровски, И. (3 јануари 2021).
[65] Хелсиншки комитет за човекови права (22 јануари 2021). *Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија – декември 2020.* Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshta%d1%98-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedoni%d1%98a-dekemvri-2020/
[66] Член 9 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/97, 29/02, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 и 21/18).

# ТЕКСТИЛНИ РАБОТНИЧКИ

Меѓународната организација на трудот (МОТ) објави истражување за четирите сектори врз кои кризата со вирусот има најсилно влијание: сместувањето и прехранбената индсутрија; недвижностите, бизнис и административниот сектор; преработувачката – текстилната индустрија; и трговијата. Во 2020 година, 527 милиони жени (или 41 процент од вкупниот број работнички) биле вработени во овие сектори, споредено со 35 проценти од вкупниот број мажи работници. Ова укажува дека кризата многу потешко ќе ја погоди женската работна сила, а во посиромашните земји постои ризик дека ќе исчезнат многу работни места токму во преработувачката индустрија.[67] Жените кај нас се доминантно застапени во работната сила во текстилната индустрија,[68] што е убедливо најслабо платена индустрија, а текстилните работнички често добиваат плата која не е многу повисока од минималната. Па така, женската работна сила во овој сектор е помеѓу најпогодените од економската криза предизвикана од справувањето со пандемијата.

Во 2020 година, Хелсиншкиот комитет обезбеди правна и параправна помош во 691 случаи на текстилни работнички чии права беа прекршени, во 16 градови во државата. Заради заштита на работнички права, иницираме 32 постапки за спроведување вонреден инспекциски надзор, а во 12 од нив беа утврдени прекршувања од страна на подрачните инспекторати. Параправната помош во најголем дел го опфати источниот регион: Делчево (90), Кочани (61) и Штип (56). Правното советување и/или информирање беше најзастапено во однос на прекршувањата на правата на штипските текстилни работнички, односно покрива 187 од вкупниот број случаи. За тоа дека работничките од текстилната индустрија беа едни од најпогодените овој период, говори и значително зголемениот број пријави на прекршувања споредено со изминатите три години. Во 2017, 2018 и 2019 година, вкупниот број документирани случаи на прекршувања на правата на текстилните работнички изнесувал 474.[69] **Во споредба со 2019, бројот на пријави во 2020 година е зголемен за 329 отсто.**

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 134 | 179 | 161 | 691 |

Жените го носат најголемиот товар за извршување на обврските во домот и грижата за децата, а во градови каде текстилната индустрија преовладува како главен извор на приходи, тие истовремено се и главните носители на приход во домаќинството (*breadwinners*). Злоупотребите на трудовата легислатива и незаконските исплаќања на помала плата поради неправилно повикување на институтот „принуден одмор"[70], значеа дека во текстилната индустрија работничките со деца до десетгодишна возраст, ослободени од работа, во одредени случаи, примаа плата во износ од околу 7500 денари.[71] Оттука, ваквото незаконско намалување на платите, за работничките значеше дека добиваат износ кој не успева да ги задоволи основните

[67] International Labour Organization (мај 2020). *The COVID-19 response: Getting gender equality right for a better future for women at work*. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---gender/documents/publication/wcms_744374.pdf (последен пат пристапено 12.1.2021)

[68] Дури 90 отсто од вкупниот број вработени во текстилните фабрики во Штип се жени. Center for Research and Policy Making (2006). *Macedonian Clothes for Europe*. Достапно на: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2012/03/MACEDONIAN-CLOTHES-FOR-EUROPE1.pdf (последен пат пристапено 1.1.2021)

[69] Во 2017 бројот на пријави изнесувал 134, во 2018 – 179 и во 2019 – 161. Јадровски, И. (24 јануари 2020). *Анализа за обезбедена правна и параправна помош на текстилните работнички во периодот 2017 – 2019 година*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/analiza-za-obezbedena-pravna-i-parapravna-pomosh-na-tekstilnite-rabotnichki-vo-periodot-2017-2019/

[70] Во ваков случај, за работникот е предвиден надоместок на плата во висина од 70 отсто од платата, што значи дека работникот може да прими надоместок понизок од законски предвидениот износ на минималната плата. Види повеќе стр. 7–8.

[71] Петковска, Н. (30 ноември 2020). *Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права*. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/pregled-na-vladinite-merki-za-prevenczi%d1%98a-i-zashtita-od-korona-virusot-i-nivnoto-vli%d1%98anie-vrz-rabotnichkite-prava/

егзистенцијални потреби на едно семејство.[72] Во еден таков случај, на текстилна работничка – мајка на дете до десетгодишна возраст што била ослободена од работни обврски, работодавачот ѝ исплатил плата во износ од 50 отсто од целосниот износ на платата за месеците април и мај. По наша иницијатива, Државниот инспекторат за труд спроведе вонреден инспекциски надзор и утврди прекршување на правата на работничката. Работодавачот постапи по насоките дадени од страна на Инспекторатот, ги отстрани неправилностите и на работничката ѝ ја исплати разликата во платите за овие месеци.[73]



*Пандемиски сведоштва на текстилните работнички на Медуза, авторка Агнес Сарачини [74]*

*„Па и овоа време-невреме, со оваа корона шо нѐ фати, со пусти страх идам на работа, од дека пари за живеачка, не па за лекови на болниот ми сопруг…Толку ми се плаче дури да се дерам на глас ама стиснам заби и ќутам."*

*„Колку пати наутро кога одам на работа помислувам на Рациновата ДЕНОВИ и со грутка на душата си викам дали е можно со текот на годините да не бледнее, туку напротив сѐ повеќе си ја кажуваме како во основно, ама сега како сушта реалност за нашите животи."*

*„Одам со ташна на рамо, а чуствувам како нозите ми се враќаат назад, ама душата ме боли, како ќе го издржам дено кога мислите ќе ми бидат дома, зошто гајлето што го имам ми е големо и болно ама кога се мора, мора!!!"*

*„Се качуваме во автобус стиснати едни до други, какво растојание какви бакрачи, какви мерки на претпазливост, иако со маски, ама еден до друг си дишеме во шија. Изговорот на газдите е нема автобуси, од наредниот ден ќе пуштат и ќе имате доволна раздалеченост едни меѓу други…."*

*„Внатре во погоните се расчистува за да имаме простор меѓу нас, дадените две, три маски си ги преперуваш оти други нема, а ракавици почнавме и сами да си купуваме си шепотиме една меѓу друга и со страх да не бидеш пренесена на мајсторица, шефица па на газда. Работеш со наведнана глава и слушаш викање: жени на тие шо се дома со мали деца да им кажете да доваѓат на работа, нека се снајдуват како претходно, а оние со поголеми деца нема шо да седат дома, децата можат да се чуват и сами големи се и да им пренесете како ќе бидат исплатени не се знае."*

---

[72] Петковска, Н. (30 ноември 2020).
[73] Петковска, Н. (30 ноември 2020).
[74] Борбата за егзистенција на текстилните работнички, достапно на Медуза: https://meduza.mk/fem-101/borbata-za-egzistentsi%D1%98a-na-tekstilnite-rabotnichki/ (последен пат пристапено 12.1.2021)

***Мерки за заштита на здравјето на текстилните работнички***

*Ниеден работник не е потрошлив. Сите работници се од суштинско значење, без разлика која категорија се применува врз нив од страна на државите или на бизнисите. Секој работник има право да биде заштитен од изложување на опасности на работното место, вклучувајќи го и коронавирусот.*[75]

Занемарувањето на трудовите прописи за заштита и безбедност при работа, се покажа кобно за текстилните работнички. Веднаш по прогласувањето на вонредната состојба во првата половина на годината, грубото и отворено непочитување на мерките и препораките на Владата и на Министерството за здравство за превенција и заштита од коронавирусот ги изложи работничките на сериозен ризик по здравјетои животот.

Последиците од непочитувањето на мерките од страна на работодавачите, се почувствуваа во неколку текстилни конфекции во Штип. На 1 јуни, таму беа затворени пет конфекции, откако во градот на крајот на мај беше затворена една фабрика поради случаи на работници позитивни на ковид-19. Кризниот штаб на општина Штип предложи да се затворат фабриките истиот ден кога во општината беа регистрирани 27 позитивни лица – најголем број случаи дотогаш. Оваа одлука беше прифатена од Комисијата за заразни болести и Кризниот штаб на Владата. Конкретно, во петте текстилни фабрики, во кои работат приближно 500 работници, се јавиле неколку случаи на заразени со коронавирус.

Работодавачите организирале превоз од дома до работното место и назад за работниците, во исти автобуси, заедно со заболените работници од друга фабрика и со ова придонеле за ширење на заразата. Дотолку повеќе, работодавачите и превозниците не ја почитувале ни Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба,[76] која предвидуваше дека за време на вонредната состојба, при вршење јавен превоз на патници, превозникот во возилото е должен да го организира превозот со задолжително носење маски од страна на патниците и екипажот, редовно дезинфицирање на возилата и одржување растојание од најмалку два метри меѓу патниците. Со Уредбата беше предвидено дека во возилото за јавен превоз може да има најмногу 50 проценти патници од вкупниот број седишта, не сметајќи го седиштето на возачот.

Градоначалникот на Штип, Благој Бочварски, изјави дека во првата конфекција, која брои 110 работници, кај половина од вработените (55 лица) било утврдено присуство на коронавирусот.[77] Поради тоа, Државниот инспекторат за труд во координација со полицијата, правеше засилени контроли на подрачјето на Општина Штип каде што Главниот координативен кризен штаб забрани работа на текстилните и кожарските фабрики, во периодот кога важеше забраната. Од надзорите беше утврдено дека работодавачите во овие две дејности во Штип целосно ја почитувале забраната.[78]

Сепак, медиумите пренесоа сведоштва на работничките од овие конфекции за притисокот кој овој период им бил вршен од нивните работодавачи: „*Ми вика – заразени, незаразени, ќе седите тука, кој преживее, преживее. Решив да не одам на работа, ама не знам кој ќе ги рани децата затоа што и онака останаа без татко*“ и „*Не можеш да му докажеш колку се плашиме. Патуваме со автобусот во кој се возеа пет жени што веќе се заболени. Се плашам ако дознае дека се жалиме, ќе останам без денар, две деца имам*.“ Работодавачите не им обезбедиле на работничките заштитни маски, средства за дезинфекција, ниту пак можност за потребното растојание од два метри, со оглед на тоа што биле принудени да патуваат со неколку автобуси.[79] Нема податок дали Државниот инспекторат за труд поднел соодветни кривични пријави за

[75] The Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights (2020, May 18). *Every worker is essential and must be protected from COVID-19, no matter what.* Достапно на: https://www.ohchr.org/en/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25892&LangID=E (последен пат пристапено на 17.2.2021)
[76] Влада на Република Северна Македонија (29 мај 2020). *Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба.* Службен весник на РСМ бр.140.
[77] Сакам да кажам (1 јуни 2020). *Затворени 5 конфекции во Штип откако денес се регистрирани нови 27 случаи на COVID-19*. Достапно на: https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/zatvoreni-5-konfektsii-vo-shtip-otkako-denes-se-registrirani-novi-27-sluchai-na-kovid-19/(последен пат пристапено на 20.12.2020)
[78] Влада на Република Северна Македонија (5 јуни 2020). *Од 61-та седница на Владата: Усвоена Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата.* Достапно на: https://vlada.mk/node/21647 (последен пат пристапено на 22.2.2021)
[79] А1он (4 јуни 2020). *Газдите кон работничките во Штип: Заразени, незаразени, ќе седите тука, кој преживее, преживее.* Достапно на: https://a1on.mk/macedonia/gazdite-kon-rabotnichkite-vo-shtip-zarazeni-nezarazeni-kje-sedite-tuka-koj-prezhivee-prezhivee/?fbclid=IwAR2bZKi0qVc5Am4oMGjwtuklsA3qeXLrsehgxecvWfi41VVEqLdeIWrwdHU (последен пат пристапено на 26.2.2021)

ваквото грубо прекршување на работничките права, кое го достигнува нивото на сурово, нечовечко и понижувачко постапување.

Нашите работодавачи ги игнорираа повиците за преземање превентивни и претпазливи заштитни мерки и продолжија да ги изигруваат законските обврски за обезбедување безбедност и здравје при работа за вработените од секој аспект поврзан со работата. Оваа обврска дополнително е нагласена во услови на пандемија, која претставува закана за самиот живот на работниците. Сепак, во текот на 2020 година работодавачите не беа повикани на одговорност за грубото изигрување на своите обврски и против нив не беа поведени кривични постапки.

Повредите на работничките права истовремено претставуваат и повреда на правата на жените, што дополнително го потврдува мултидимензионалниот и интерсекциски карактер на оваа криза, па оттаму и секое решение кое не ги зема предвид класата и родот како испреплетени и вкрстени елементи, е несоодветно за справување со и спречување на последиците. Жените се структурно опресирани со самото тоа што преовладуваат како работна сила во индустријата што е меѓу најслабо платените. Дополнително, при криза од овие размери тие се најподобни на удар, затоа што системот кој е создаден да дозволува и да ги става во ваква потчинета и угнетена положба, не нуди механизми да ги заштити.[80]







[80] Петковска, Н. (30 ноември 2020).

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Во текот на 2020 година, добивме 38 пријави за нееднаков третман.** 30 од пријавите се однесуваа на дискриминација сторена врз една дискриминациска основа: 18 пријави врз основа на пол, пет врз основа на род, четири врз основа на попреченост и по една пријава врз основа на здравствена состојба, образование и религија. Дополнителни осум пријави се однесуваа на повеќекратна или интерсекциска дискриминација: шест пријави врз основа на етничка припадност и боја на кожа, една пријава врз основа на пол и род и една пријава врз основа на род, сексуална ориентација, социјално потекло, семеен и брачен статус.

**Макотрпниот процес на законската антидискриминациска регулатива**

Законот за спречување и заштита од дискриминација конечно беше изгласан на 27 октомври 2020 година, а стапи на сила по објавувањето во Службениот весник на Република Северна Македонија, на 30 октомври 2020 година[82]. Законското регулирање на заштитата од дискриминација помина макотрпен процес, чии последици најмногу се одразија врз оние кои треба да бидат заштитени со прописите.

*Укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година*

Законот за спречување и заштита од дискриминација во мај 2018 година беше доставен во Собранието, беше усвоен на 16 мај 2019 година и стапи на сила на 23 мај истата година. Една година подоцна, Уставниот суд го укина Законот, на својата 14 седница одржана на 14 мај 2020 година. Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој уште во мај 2018 година беше доставен во Собранието и стапи на сила на 23 мај 2019, една година подоцна, Уставниот суд го укина на својата 14. седница одржана на 14 мај 2020 година[83]. Одлуката да се укине Законот за спречување и заштита од дискриминација Уставниот суд ја донесе за време на вонредната состојба прогласена на целата територија на државата, како резултат на пандемијата од коронавирусот, во момент кога со државата раководеше техничка Влада, а Собранието беше распуштено. Сето ова значеше дека најмаргинализираните групи луѓе во државата беа оставени без заштита.

Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување и заштита од дискриминација, по поднесена иницијатива на Комисијата за заштита од дискриминација, во јануари 2020 година, за испитување на неговата согласност со член 75 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.По поднесена иницијатива на Комисијата за заштита од дискриминација, во јануари 2020 година Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување и заштита од дискриминација, за испитување на неговата согласност со член 75 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Член 75 ја предвидува постапката за прогласување на закони со указ. Ставот 3 од овој член предвидува дека Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, Ппретседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Како резултат на ваквата одлука на Уставниот суд, заедно со Блупринт- групата за реформи во правосудството, беше подготвенивме осврт на целата постапка пред Уставниот суд, од аспект на процедуралните и суштествените пропусти.

*Процедурални пропусти*

Судот сторил процедурален пропуст со тоа што не ги проверил процесните претпоставки за водење на постапката. Во моментот Комисијата за заштита од дискриминација немаше правен субјективитет, односно не постоеше како субјект во правниот промет, па оттаму и немаше право да поднесува иницијативи до Уставниот суд. Законот од 2019 година предвидуваше дека со денот на неговото влегување во сила престанува мандатот на членовите на Комисијата за заштита од дискриминација, а тие продолжуваат со работа до изборот на нови членови, но не подолго од три месеци. Комисијата, која била подносител на иницијативата,

---

[82] Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија бр.258/2020“ од 30.10.2020 година).
[83] Уставен суд на Република Северна Македонија. (14 мај 2020, мај 14). Одлука У.бр.115/2019-1. Целата одлука е достапна на: http://ustavensud.mk/?p=19246.

престанала да работи по истекот на три месеци откако Законот стапи на сила, на 21 август 2019 година. Во тој момент, престанала да постои и процесната претпоставка за постоење на правен субјективитет на подносителот на иницијативата, а Уставниот суд бил должен да ја запре постапката, согласно со својот Деловник.[85]

*Материјални пропусти*

За Уставниот суд, оспорениот закон јасно и недвосмислено бил во спротивност со член 75 став 3 од Уставот. Образложението на ваквиот став се темелеше на тоа дека станувало збор за донесување, односно усвојување на закон којштo повторно се разгледува од страна на Собранието, и којштo бил вратен затоа што Указот на законот не бил потпишан од Претседателот на Републиката. Судот утврдил дека во таков случај, согласно со член 75 став 3 од Уставот, неопходно е законот да се усвои со апсолутно мнозинство, односно со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, што значи дека треба да гласа најмалку 61 пратеник за законот да биде усвоен.

Уставниот суд образложи дека доколку Претседателот на Републиката одлучи да не го потпише законот, како што беше сторено во конкретниот случај, законот се враќа во Собранието на повторно разгледување и доколку тоа го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (апсолутно мнозинство), Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Оттука, според Судот, јасно произлегува дека основен услов за донесување на вратениот закон е постигнување на апсолутно мнозинство, односно нужно е истиот да добие најмалку 61 глас за ваквиот закон да биде полноважно донесен. Дополнително, Судот наведува дека Претседателот на Републиката нема право на вето на законите кои според Уставот се донесуваат со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници (квалификувано мнозинство).

Во конкретната ситуација, Претседателот на Републиката на 18 март 2019 година го известил Собранието дека донел одлука да не го потпише Указот за прогласување на Законот за спречување и заштита од дискриминација изгласан на седница на Собранието на 11 март 2019 година. Законот повторно бил ставен на дневен ред за гласање на Деведесет и четвртата седница на Собранието одржана на 16 мај 2019 година. На седницата за Законот гласале 55 пратеници, воздржани и против немало. Со оглед на тоа што за Законот гласале 55 пратеници, а не 61 (апсолутно мнозинство), Уставниот суд одлучил дека Законот е спротивен на Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, член 75 од Уставот не пропишува забрана или пречка за Претседателот да потпише указ на закон. Оваа одредба воопшто не го уредува прашањето за потребното мнозинство за донесување на некој закон, туку се осврнува само на прашањето за прогласување на законите.[86] Дополнително, според претседателот на Уставниот суд, требало да се земе предвид и јазикот кој го користи одредбата, односно употребениот израз „усвои“, наместо изразот „донесе“, којштo Уставот го користи за мнозинствата потребни за донесување на законите, што според него претставувало суштинска разлика.[87] Имено Уставот не предвидува посебно мнозинство за носење на овој закон, па доколку Претседателот одлучил да го потпише, не постои пречка во смисла на член 75. Ставот 3 на овој член не пропишува дека некој закон што се донесува со просто мнозинство, мора да се усвои со апсолутно мнозинство кога се усвојува по вторпат, ако Претседателот на Републиката претходно одбил да го потпише указот. Оваа одредба ја потенцира должноста и обврската Претседателот да го потпише указот за прогласување на закон кој при повторното разгледување бил усвоен со апсолутно

[85] Уставниот суд ќе ја запре постапката ако во текот на постапката престанат процесните претпоставки за нејзино натамошно водење. - Член 47 став 1 алинеја 5 од Деловникот на Уставниот суд („Службен весник на Република Македонија бр.70/1992“).
[86] Во оваа насока е и Издвоеното мислење по предметот У.бр.115/2019 на претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија – Сали Мурати, од 14 мај 2019 година. Целото мислење е достапно на: http://ustavensud.mk/?p=19247
[87] Ibid.

мнозинство. Ова значи дека апсолутното мнозинство е предвидено исклучиво како должност на Претседателот за потпишување на указ на определен закон кој бил донесен со пропишаното мнозинство.[88]

**За новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2020 година**

Како резултат на настанатата состојба, во која Законот за спречување и заштита од дискриминација беше укинат додека Собранието беше распуштено, се јави итна и неодложна потреба од донесување нов закон веднаш по спроведување на парламентарните избори на 15 јули 2020 година. Имајќи ги предвид околностите во државата пред спроведување на изборите, здруженијата на граѓани ги повикаа политичките партии кои учествуваат во парламентарните избори да ја поддржат Декларацијата за приоритетно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација од идниот парламентарен состав.[89] Целта на Декларацијата беше политичките партии да се обврзат дека законот ќе го донесат веднаш по формирањето на Собранието на Република Северна Македонија, без дополнителни одолговлекувања и дека потоа, во согласност со законскиот рок, ќе го изберат новиот состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Оваа Декларација за приоритено донесување на Законот ја потпишаа 17 политички партии.[90]

Хелсиншкиот комитет, заедно со останатите граѓански организации, даде свој придонес и во самиот процес на носење на Законот во собраниската процедура. Претпазливи од претходното искуство, кога изборот на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше проследен со низа пропусти (како што се непочитување на законските рокови за објавување оглас и избор, недоследно објавување на огласите, праксата на необјавување на личните биографии на кандидатите и необјавување на списите од првичната проверка на кандидатурите), поддржавме поднесување амандман на Законот во врска со постапката на избор на членовите на Комисијата. Имено, на 21 октомври 2020 година, на седницата на Комисијата за европски прашања и Законодавно-правната комисија на Собранието се одржа второто читање на Законот и разгледување на поднесените амандмани. Од поднесените амандмани ниту еден не беше усвоен. Еден од нив беше и амандманот на член 18, поднесен од пратениците Маја Морачанин и Мирослав Богдановски, а за кој се застапуваше Мрежата за заштита од дискриминација. Член 18 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја уредува постапката за избор на членови на Комисијата. Целта на поднесениот амандман беше да ја гарантира независноста на Комисијата, да гарантира транспарентна и инклузивна постапка за избор што е во согласност со сите меѓународни стандарди и препораки, како и со мислењето на Венецијанската комисија[91].

Предложениот амандман на членот 18 прво беше прифатен и предложен од Министерството за труд и социјална политика, но Владата го одби и го поднесе Предлогот на Законот со истиот текст кој беше усвоен во 2019 година, без притоа да даде образложение за тоа.[92] Сепак, долго по спроведените парламентарни

---

[88] Блупринт-група за реформи во правосудството (12 јуни 2020). *Кога чуварите на правото ќе потфрлат, граѓаните го носат товарот.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/odluka-za-ukinuvanje-na-zakonot-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminaczija/

[89] Мрежа за заштита од дискриминација и др. (1 јули 2020). *Повик до политичките партии за потпишување на Декларација за приоритетно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација од страна на Собранието на Република Северна Македонија.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/povik-do-politichkite-partii-za-potpishuvanje-na-deklaracija-za-prioritetno-donesuvanje-na-zakonot-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-od-strana-na-sobranieto-na-republika-severna-makedonija/

[90] Политичките партии кои стојат како потписници на оваа Декларација се (по азбучен ред): Алијанса за Албанците, ВМРО-ДПМНЕ, Глас за Македонија, ДЕМОКРАТИ, Демократски сојуз (ДС), Зелена партија Демократска обнова на Македонија (ДОМ), Либерално демократска партија (ЛДП), Нова социјалдемократска партија (НСДП), Обединета партија за еднаквост на Ромите (ОПЕР), Партијата за движење на Турците (ТХП), Партија за демократски просперитет на Ромите (ПДПР), Партија за економски промени 21 (ПЕП21), Партија на пензионери (ПП), Партија за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР), Сојуз на Ромите на Македонија, Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) и Твоја партија. – Мрежа за заштита од дискриминација (11 јули 2020). *17 политички партии ја потпишаа декларацијата за приоритетно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/17-politichki-partii-ja-potpishaa-deklaracijata-za-prioritetno-donesuvanje-na-zakonot-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija/

[91] European Commission for Democracy through Law (Venice Commission) (2018, March 18). Opinion no. 915 / 2018 on the Draft Law on Prevention and Protection against Discrimination. Достапно на: https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=cdl-ad(2018)001-e

[92] Мрежа за заштита од дискриминација (28 октомври 2020). *Комисијата за спречување и заштита од дискриминација останува да се избира по пат на партиски договор?!* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-ostanuva-da-se-izbira-po-pat-na-partiski-dogovor/

избори, Собранието го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација на 27 октомври 2020 година и тој стапи на сила на 30 октомври 2020 година.

*Измени предвидени со новиот Закон*

Некои од измените кои ги предвиде новиот Закон се однесуваа на проширување на листата на дискриминаторските основи, со воведување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет на оваа листа; зголемување на роковите во кои може да се поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација; воведување на сегрегацијата како нов вид на дискриминација; воведување на концептот на интерсекциска дискриминација; намалување на рокот на траење на постапката по поднесена претставка и друго.

Во законот од 2020 година нов вид на дискриминација е **сегрегацијата**, која значи физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел. Воведена е и **интерсекциската дискриминација**, која претставува дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани.

Законот од 2020 година во таксативно наброените основи за дискриминација **ги содржи и сексуалната ориентација и родовиот идентитет, потеклото, начинационалната припадност и политичко уверување.**

Претставка може да се поднесе **најдоцна во рок од шест месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавањето за актот на дискриминација.**

Комисијата дава мислење за наводната дискриминација **во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на претставката.**

Лицето на кое препораката е упатена, е должно да постапи по препораката и **да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката** или во подолг рок доколку постојат причини за тоа, **но не подолго од шест месеци.** Во спротивно Комисијата има законска обврска да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци."

Комисијата согласно законот од 2020 година има 26 таксативно набројени надлежности и овластувања кои се однесуваат на:

**- засилување на превентивната функција,**
**- зголемено учество при изготвување на закони и политики од областа на недискриминацијата,**
**- проширени надлежности за постапување по службена должност во случаи на дискриминација,**
**- активно учество и иницирање судски постапки за заштита од дискриминација.**

### *За Комисијата за спречување и заштита од дискриминација*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како заштитен механизам, на граѓаните им беше недостапна од август 2019 и во текот на целата 2020 година, со што се намали ефективната заштита од дискриминација. Новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, со неговото стапување во сила ја наметна потребата за избор на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како тело предвидено со Законот. Имено, Законот предвидува дека јавниот оглас за избор на членови на Комисијата, Собранието ќе го објави во рок од 15 дена од денот на неговото влегување во сила.[93] На 24 ноември 2020 година, Собранието донесе Одлука за објавување на јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, кој траеше 30 дена од денот на објавувањето.[94]

За целиот овој период од носењето на новиот Закон, заедно со останатите граѓански организации, Хелсиншкиот комитет активно го следеше процесот на избирање на членовите на Комисијата.[95] Имајќи го предвид нетранспарентниот избор на партиски и непрофесионални кадри за членови во изминатите два мандати на Комисијата, Мрежата за заштита од дискриминација побара Собранието да спроведе транспарентна, отчетна и фер постапка за избор на членови коишто ги исполнуваат условите, водејќи сметка за нивниот квалитет и искуство во областа. Дополнително, беше побарано и навремено и постојано информирање на граѓаните, на здруженијата на граѓани и на медиумите за текот на постапката. Едно од нашите барања беше и спроведување јавна расправа на која ќе се претставаат кандидатите за членови, додека здруженијата, медиумите и другите заинтересирани страни ќе имаат можност да им поставуваат прашања на кандидатите и да дискутираат по нивниот избор. За оваа цел беше неопходно Собранието да ги објави биографиите на пријавените кандидати на својата веб-страница пред одржувањето на јавната расправа. За целосно транспарентно завршување на постапката, едно барање се однесуваше и на пренос во живо на јавната расправа, односно сослушувањето/интервјуирањето на кандидатите пријавени на огласот, на собранискиот ТВ-канал. Повикувајќи се на член 16 став 5 од Законот кој предвидува дека членовите на Комисијата треба да го одразуваат составот на општеството во целина, Мрежата за заштита од дискриминација побара при изборот Собранието да внимава на принципите за соодветна и правична застапеност на сите општествени групи и заедници, како и на родово балансираното учество и избор на лица кои на ниту еден начин не се поврзани со политичките партии.[96]

Во моментот на изготвување на овој извештај – февруари 2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е формирана. Имено, со 61 глас за, без против и без воздржани, Собранието на 25 јануари 2021 година ја усвои одлуката за избор на седумте членови на Комисијата.

---

[93] Член 45 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.258/2020 од 30.10.2020 година).

[94] Одлука за објавување на јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.279/2020).

[95] Мрежа за заштита од дискриминација (19 септември 2020). *Мрежата за заштита од дискриминација бара транспарентен избор на членови на КСЗД.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/mrezhata-za-zashtita-od-diskriminacija-bara-transparenten-izbor-na-chlenovi-na-kszd/. Мрежа за заштита од дискриминација (28 октомври 2020). *Комисијата за спречување и заштита од дискриминација останува да се избира по пат на партиски договор?!* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-ostanuva-da-se-izbira-po-pat-na-partiski-dogovor/
Мрежа за заштита од дискриминација (17 ноември 2020). *Собранието итно да ги започне постапките за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и нов Народен правобранител.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/sobranieto-itno-da-gi-zapochne-postapkite-za-izbor-na-chlenovi-na-komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-i-nov-naroden-pravobranitel/

[96] Мрежа за заштита од дискриминација (23 декември 2020). *Бараме Собранието во транспарентна постапка да избере професионални и независни членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/barame-sobranieto-vo-transparentna-postapka-da-izbere-profesionalni-i-nezavisni-chlenovi-na-komisi%d1%98ata-za-sprechuva%d1%9ae-i-zashtita-od-diskriminaczi%d1%98a/

ПРОДОЛЖУВА СИСТЕМСКАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РОМИТЕ

Ромите се меѓу најранливите групи во состојба на пандемија имајќи предвид дека многумина немаат пристап до чиста и пивка вода и санитетски материјали, што оневозможува ефективна примена на препорачаните мерки за хигиена како клучни за заштита од коронавирусот.[97] Со оглед на тоа, а имајќи предвид дека ранливите и маргинализирани групи граѓани немаат еднакви можности да ги практикуваат превентивните мерки за заштита од зараза со вирусот, како одржување хигиена, физичко растојание и самоизолација, граѓанските здруженија поднесоа серија барања за носење мерки кои ќе бидат приспособени и ќе одговорат на потребите на овие граѓани.[98] Дел од поднесените барања се:

- Барање за унапредување на заштитата на населението во општина Шуто Оризари од ширењето на епидемијата со ковид-19 преку додавање на пункт за тестирање, дезинфекција и информирање;
- Барање за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со ковид-19 во општината Шуто Оризари;
- Барање за преземање превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со ковид-19 во супстандардните населби и супстандардните живеалишта во РС Македонија.[99]

***Полициска бруталност и расно профилирање на Ромите***

Уште на самиот почеток на пандемијата, јавноста ја разбранува случајот со група музичари – Роми, кои организирано се враќаа во земјава од Италија. Тие беа однесени во карантин во Пепелиште, а по реакциите за лошите сместувачки услови, беа преместени во други простории во Демир Капија. Од друга страна, сите останати (околу 200) патници, кои дента влегле во земјава, беа упатени да се самоизолираат во своите домови. Покрај евидентното расно профилирање, изминатава година беа забележани сериозни инциденти, кои говорат за постоење расистички предрасуди кај полициски службеници кои водат кон самоволно, непрофесионално и незаконско постапување.

*Полициска бруталност врз бездомни лица*

На 10 јуни 2020 година, неколку медиуми објавија прилог во кој граѓани изјавија дека биле жртви на насилство од страна на полициски службеници. Стануваше збор за бездомни лица, припадници на ромската етничка заедница, кои живееле во близина на објектот на ПИОМ во Скопје. Настанот се случил за време на полицискиот час кога, според изјавите на повредените, дваесетина припадници на интервентната полиција употребиле физичка сила врз лицата кои биле на наведената локација, вклучително и врз жени, деца и постари лица, кои воопшто не биле инволвирани во случајот. Сузана Демир, која имала модринки на рацете од тепањето, за ЦИВИЛ Медиа изјавила дека „[полициските службеници] не бираа дали маваат мажи, жени, стари или деца.“[100] Министерството за внатрешни работи упати информација до медиумите дека од страна на полициските службеници од ПС Аеродром биле преземени мерки и активности за констатирани прекршувања на полицискиот час од група граѓани кои биле собрани на јавно место и го нарушувале јавниот ред и мир со пуштање гласна музика. [101] Според изјавата на МВР, пет лица физички ги нападнале полициските службеници

---

[97] Council of Europe Commissioner for Human Rights (2020, April 7). *Governments must ensure equal protection and care for Roma and Travellers during the COVID-19 crisis.* Достапно на: https://www.coe.int/en/web/commissioner/-/governments-must-ensure-equal-protection-and-care-for-roma-and-travellers-during-the-covid-19-crisis (последен пат пристапено на 20.3.2021)

[98] Хелсиншки комитет за човекови права и други (5 мај 2020). *(Не)одговорноста на институциите за најранливите граѓани во услови на криза.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/neodgovornosta-na-instituciite-za-najranlivite-gragani-vo-uslovi-na-kriza/

[99] Сите барања и одговори од институциите се достапни на: https://fosm.mk/baranja-i-itni-preporaki-isprateni-do-nadlezhnite-institucii/ (последен пат пристапено на 22.2.2021)

[100] ЦИВИЛ Медиа „Полициска бруталност врз бездомници, од МВР велат – пуштаа гласна музика и беа насилни!“ https://civilmedia.mk/politsiska-brutalnost-vrz-bezdomnitsi-od-mvr-velat-pushtaa-glasna-muzika-i-bea-nasilni/ (последен пат пристапено на 27.12.2020)

[101] Ibid.

и тие лица биле идентификувани, лишени од слобода и против нив биле поведени постапки за утврдување на прекршочна, односно кривична одговорност. Оттука, постојат сомневања дека со прекумерната и неоснована употреба на сила врз лица кои на ниту еден начин не биле инволвирани во настанот, полициските службеници сториле кривично дело „Малтретирање во вршење на службата“. На овој начин, полициските службеници им го нарушиле достоинството и физичкиот интегритет на присутните Роми и доколку е мотивирано од расистички предрасуди, ваквото постапување е дискриминаторско. Преку Мрежата за заштита од дискриминација беше побарано од Секторот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, да поведе постапка за испитување на случајот и утврдување лична одговорност од секој полициски службеник кој ги пречекорил своите службени овластувања, како и од сите лица кои издале таква наредба. Притоа, доколку се утврди злоупотреба на овластувањата на полициските службеници, да биде поведена кривична постапка и кон нив да се изрече најстрога санкција.

*Полициска бруталност врз Роми во Битола*

Во септември на социјалните медиуми беше објавено видео на кое јасно се гледа како полициски службеници користат сериозна физичка сила врз припадници на ромската заедница во Битола. Настанот се случил на 22 септември 2020 година, кога тројца Роми имале сообраќајна несреќа со автомобил и удриле во бетонски ѕид. Во непосредна близина биле припадници на сообраќајната полиција, кои без никаква причина ги извлекле лицата од автомобилот и започнале брутално да ги тепаат. Дополнително, лицата ги задржале во полициската станица до пет часот наутро, каде што биле навредувани и вознемирувани. Тие сакале случајот да го пријават во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, но тоа не им било дозволено. Поради очигледните расистички и дискриминаторски мотиви, побаравме Министерството за внатрешни работи интензивно да работи на расчистување на случајот и утврдување кривична одговорност на полициските службеници согласно со членовите 142 „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ и 143 „Малтретирање во вршење на служба“. За целокупниот процес на истрага и за преземените дејствија кон полициските службеници, јавноста навремено да биде информирана. Имајќи предвид дека практиката на неказнивост на полициските службеници што го прекршуваат законот и ги пречекоруваат своите овластувања е една од причините за ваквото брутално однесување, Хелсиншкиот комитет побара од МВР веднаш да отвори инклузивен процес за измени на Законот за полиција и на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, како и да донесе подзаконски акти кои ќе го адресираат структурниот проблем на расистичко постапување во полицијата.

По спроведената истрага, Одделот за внатрешна контрола на 25 септември 2020 го извести Комитетот дека против полицискиот службеник Г.П. била поднесена кривична пријава, поради сомнение за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на службата“. Како што беше наведено во дописот, полицаецот бил физички нападнат, за што до ОЈО Битола бил доставен соодветен поднесок. Но, полицискиот службеник во преземањето на службените дејствија, по престанувањето на причините за понатамошна употреба на физичка сила, ги пречекорил границите на своето службено овластување и продолжил со употреба на физичка сила врз оштетениот додека тој лежел на земја (додека не давал физички отпор) и со тоа го понижил неговото човечко достоинство и човековата личност. Внатрешна контрола исто така предложила и суспензија од работното место. Во однос на полицискиот службеник, кој пасивно го набљудувал случајот и не презел дејствија за да го спречи, Внатрешната контрола предложила постапка за дисциплинска одговорност за потешко кршење на работниот ред и дисциплина и иницирање постапка за суспензија од работното место. За останатите полициски службеници на местото на настанот, на непосредниот раководител на организациската единица во која работат, му било предложено да им укаже на нивното несоодветно однесување и извршување на работните задачи, но и на можноста за дисциплинска одговорност, доколку не го подобрат своето работење.[102]

---

[102] Хелсиншки комитет за човекови права (22 октомври 2020). *Кривична пријава и суспензија за полицаецот кој тепаше Роми во Битола.* Достапно на: https://mhc.org.mk/news/krivichna-prijava-i-suspenzija-za-policaecot-koj-tepashe-romi-vo-bitola/

*Полициска бруталност врз мајка и син во Битола*

По регистрираниот случај во Битола во септември, во јавноста беа споделени информации за нов случај во овој град со индикации за насилство врз Роми од страна на полициски службеници. Според АВАЈА, овој пат полицијата употребила прекумерна сила врз повозрасна Ромка и нејзиниот син. Тие биле приведени поради тоа што синот немал лична карта во моментот кога полициските службеници побарале од него да се легитимира. Биле качени во полициско комбе, каде што биле наводно насилно тепани од полициските службеници и навредувани поради нивната етничка припадност. Хелсиншкиот комитет, заедно со Македонското здружение на млади правници, на жртвите на полициската бруталност им обезбеди правна помош и адвокат кој ги застапуваше пред надлежните органи. Жената и нејзиниот син не беа задржани во притвор, но полицијата одбиваше да прими пријава дури и по неколку обиди од страна на адвокатот. Покрај истражувањето на овој конкретен случај на брутално однесување на полициските службеници поттикнато од расистички и дискриминаторски мотиви, апелиравме Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите превентивни мерки за спречување на долгогодишната практика на непрофесионален однос, расно профилирање, криминал од омраза, полициска бруталност и самоволие при постапувањето со Ромите и другите категории сиромашни и маргинализирани граѓани.

Имајќи предвид дека брзата реакција на Министерството во претходниот случај на полициска бруталност врз Роми во Битола е исклучок, а не правило, беше побарано санкционирање на сите вакви случаи каде полициските службеници го прекршуваат законот и ги пречекоруваат своите овластувања.

### ***Општа препорака број 36 на Комитетот за елиминација на расната дискриминација***

На својата 102. сесија одржана од 16 до 22 ноември 2020 година, Комитетот за елиминација на расната дискриминација ја усвои својата Општа препорака број 36 за спречување и борба против расното профилирање од страна на полициските службеници.[103]

Комитетот во оваа препорака ја препознава практиката на расно профилирање во полицијата како повреда на фундаменталните вредности и човекови права засновани на 1) недискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност (и други интерсекциски основи) и 2) еднаквост пред законите. Расното профилирање ги повредува процесните права и правото на фер и правично судење. Комитетот дополнително ја нагласува обврската на државите, која за нив произлегува од Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација, да не учествуваат во активности и практики на расно профилирање против индивидуи или групи луѓе. Препораката предвидува обврска за државите постојано да ги менуваат политиките, законите и останатите прописи со цел да ја спречат појавата на расно профилирање. Државите се должни да обезбедат соодветни и ефективни заштитни механизми против расно профилирање во домашниот правен поредок и да обезбедат механизми за надоместок на штетата предизвикана од ваквата практика (на индивидуално или колективно ниво).[104]

Расното профилирање има негативни и кумулативни ефекти врз благосостојбата на поединците и заедниците, имајќи предвид дека едно лице може секојдневно да биде подложено на расно профилирање во неговиот или нејзиниот живот. Жртвите на расно профилирање честопати го интернализираат неговото влијание во услови на недостаток на ефективни лекови и средства за надоместок на претрпената штета. Воедно, на овој начин кај жртвите на расно профилирање се создава огромна недоверба во надлежните

---

[103] Committee on the Elimination of Racial Discrimination (2020, November 24). *General recommendation No. 36 (2020) on preventing and combating racial profiling by law enforcement officials.* Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CERD/C/GC/36&Lang=en
[104] Ibid.

институции за спроведување на законите. Кај нив се создава чувство на неправда, понижување и страв од повторување, а тие дополнително стануваат и потенцијални жртви на секундарна виктимизација.[105]

Меѓу другото, расното профилирање може да доведе и до прекумерна криминализација на одредени категории лица; зацврстување на стереотипните асоцијации помеѓу кривичното дело и етничката припадност на сторителот; непропорционални стапки на затворени лица од категориите заштитени со Конвенцијата; зголемување на ранливоста на лицата кои припаѓаат на групи заштитени со Конвенцијата; непријавување на делата на расна дискриминација и злосторства од омраза; и изрекување на построги казни од страна на судовите против припадниците на таргетираните заедници.[106]

[105] Ibid.
[106] Ibid.

# ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

***Лицата со попреченост и пандемијата***

Лицата со попреченост сè уште претставуваат една од најмаргинализираните групи во општеството, кои беа диспропорционално засегнати од ефектите на пандемијата, и кај нас и во светот[107]. И покрај тоа што попреченоста сама по себе не значи дека едно лице е во поголем ризик од заразување со вирусот, голем дел од лицата со попреченост имаат поранлива здравствена состојба, која ги става во поголем ризик од самата болест. Непристапноста на информациите поврзани со вирусот, затворање на дневните центри за поддршка, неприспособено учење на далечина, како и невозможноста за социјално дистанцирање за лицата зависни од поддршка при извршување на секојдневни функции, се само дел од предизвиците со кои се соочија лицата со попреченост.

Со почетокот на пандемијата, Светската здравствена организација предупреди на зголемениот ризик за лицата со попреченост од заразување со вирусот, што пред сè се должи на постоечките бариери за примена на основните мерки за одржување на хигиена, тешкотиите во практикување на социјално дистанцирање поради потребата од дополнителна поддршка или живеење во институција, потребата од допирање како начин на примање информации од околината, претходните здравствени проблеми и сл.[108] Особено незавидна е ситуацијата во која се наоѓаат лицата со попреченост кои имаат претходна лоша здравствена состојба и/или пак живеат во институција, што е показател на слабостите на системот на јавни услуги и нееднаквиот пристап до нив за одредени ранливи категории.[109]

Доколку имаме предвид дека и во „нормални" услови лицата со попреченост имаат отежнат пристап до здравствени услуги, образование, вработување, средства за информирање итн., во услови на здравствена криза пристапот до одредени права за овие лица може да биде значително оневозможен.

Кај лицата со попреченост, особено кај лицата со интелектуална попреченост и кај лицата со нарушувања од аутистичниот спектар, многу важен сегмент во функционирањето претставува секојдневната рутина. Во услови кога движењето е ограничено временски, но и физички, доаѓа до промена на рутината, што кај многу лица со попреченост може да предизвика појава на анксиозност. Поради тоа, оние лица кои се грижат за деца и лица со попреченост се соочија со предизвикот за наоѓање на алтернативни начини на секојдневно функционирање и воспоставување на нови рутини. Затворањето на дневните центри, наметна дополнителен предизвик за лицата со попреченост кои редовно посетувале дневен центар како дел од секојдневното функционирање, но и за лицата кои се грижат за нив, имајќи предвид дека мора да останат во домот, а тоа многу често значи и губење на работното место.

Имајќи предвид дека за голем дел од лицата со попреченост движењето претставува терапевтска активност и дел од воспоставена навика, Владата на РСМ донесе уредба со која беше утврден посебен режим на движење за лицата со попреченост за времетраење на полицискиот час.[110] Лицата со попреченост можеа да излегуваат со еден придружник во одредените термини за движење, а за оваа цел не беа задолжени да

---

[107] Податоците за состојбата со правата на лицата со попреченост за време на вонредната состојба се достапни во *Посебниот извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19* кој го издаде Хелсиншкиот комитет за човекови права во октомври, 2020 година. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/izvestaj-mk_compressed.pdf

[108] СЗО (26 март 2020). *Disability considerations during the COVID-19 outbreak.* Достапно на: https://www.who.int/publications-detail/disability-considerations-during-the-covid-19-outbreak (последен пат пристапено на 23.12.2020)

[109] ООН (23 април 2020). *COVID-19 and Human Rights- We are all in this together.* Достапно на: https://www.un.org/development/desa/disabilities/wp-content/uploads/sites/15/2020/04/un_policy_brief_on_human_rights_and_covid_23_april_2020.pdf (последен пат пристапено на 23.12.2020)

[110] Достапно на: https://vlada.mk/node/20925 (последен пат пристапено на 23.12.2020)

вадат посебна дозвола за движење, туку единствено со себе да имаат наод или решение со кое се докажува попреченоста.[111]

Рестриктивните мерки, кои првенствено се состоеја во препораките за самоизолација и социјално дистанцирање, за голем дел од лицата со попреченост беше исклучително тешко да ги применуваат, особено имајќи предвид дека значителен дел од нив зависат од поддршката на други лица, некогаш и во извршувањето на основните физиолошки потреби. Во однос на мерките за поддршка на лицата со попреченост, само 27 општини во земјава беа опфатени со мерката на Министерството за труд и социјална политика за поддршка во домот.[112] Оваа мерка беше наменета за олеснување на секојдневно функционирање на лицата со попреченост, вклучувајќи асистенција за реализација на итни администривни процедури, набавки и друг вид поддршка во согласност со потребите на лицето.

Олеснителна околност претставуваше и одлуката на Владата за редуцирање на административните процедури, кои се однесуваат на користење одредени права од социјална заштита, при што корисниците не беа задолжени да ја обновуваат потребната документација доколку сакаат да продолжат да користат одредени бенефиции, а за користење на одредени услуги документацијата можеа да ја доставаат електронски.

Во однос на образовниот процес, Организацијата на Обединетите нации предупреди дека моменталната криза сериозно ќе влијае на зголемена ексклузија на децата со попреченост во процесот на образование. Според овие проценки, децата со попреченост ќе имаат најмалку корист од примената на алтернативните решенија за учење на далечина, на што се надоврзува недостатокот од поддршка во домот, непристапноста до интернет, непостоењето на пристапен софтвер и наставни материјали.[113] Имајќи ги предвид сите овие бариери, постои голем ризик од целосен прекин на образованието кај децата со попреченост во овој период, што дополнително би го отежнало враќањето во образовниот процес и по завршувањето на кризната ситуација. На долг рок, овој јаз во образовниот процес дополнително ќе придонесе за продлабочување и на јазот во учеството на пазарот на трудот, кој за лицата со попреченост веќе е значително голем.

Во нашата земја, децата со посебни образовни потреби, а особено децата со попреченост, со почетокот на пандемијата се соочија со бројни предизвици. Онлајн платформите за учење на далечина, кои го заменија редовното образование, со почетокот на изолацијата ги исклучуваа најголемиот дел од децата со попреченост. Нивното образование во овој период беше целосно препуштено на нивните родители и на волјата на некои од образовните асистенти. Повеќе од еден месец од затворањето на училиштата, дури на крајот на април 2020, беше промовирана онлајн платформата за учење и развој на децата со попреченост, која треба да обезбеди дополнителна поддршка, индивидуализиран пристап и модифицирани часови за децата да можат да продолжат со образовниот процес и во домашни услови.

Инклузивниот Закон за основно образование беше донесен во август 2019 година и започна со примена со почетокот на учебната 2019/2020 година. Со законот, основното образование беше институционално, кадровски и содржински организирано да овозможи инклузија на сите деца во редовното образование. Меѓутоа, и на почетокот на новата учебна година, сè уште не беа донесени подзаконските акти кои требаше да обезбедат соодветна имплементација на Законот и инклузија на децата со посебни образовни потреби во образовниот процес од секој аспект, а особено да ги отстранат бројните недостатоци, за кои неколкупати алармираше и Хелсиншкиот комитет уште од самиот почеток на неговата имплементација.

---

[111] Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-licata-so-poprecenost-ne-treba-da-vadat-dozvola-za-dvizenje-so-sebe-da-nosat-naod.nspx (последен пат пристапено на 23.12.2020)

[112] Достапно на: http://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-licata-so-poprecenost-i-starite-lica-vo-27-opshtini-kje-dobijat-asistencija-za-polesno-spravuvanje-s.nspx (последен пат пристапено на 23.12.2020)

[113] ООН (мај 2020). *Policy Brief: A Disability-Inclusive Response to COVID-19.* Достапно на: https://www.un.org/sites/un2.un.org/files/sg_policy_brief_on_persons_with_disabilities_final.pdf (последен пат пристапено на 23.12.2020)

***ПОДДРШКА ВО ЗАЕДНИЦАТА***

И покрај тоа што во земјава постојат релативно добри законски решенија со кои се пропишани правата на лицата со попреченост, како и стандардите за обезбедување на пристап до јавните добра и услуги, нивната примена е сè уште на многу ниско ниво. Почнувајќи од физичкиот пристап до самата инфраструктура, па сè до користење на јавните услуги, сериозни се пречките за секојдневното општествено функционирање на лицата со попреченост, но и на лицата кои се грижат за нив. Долгогодишната работа на Хелсиншкиот комитет во оваа област укажува на тоа дека лицата со попреченост и нивните семејства секојдневно се соочуваат со дискриминација, но и други правни проблеми во различни области за кои не секогаш се информирани каде би можеле да ги адресираат или пак за механизмите за заштита кои им се на располагање.

Во извештајот за имплементацијата на проектот „Правно зајакнување во заедницата во процесот на деинституционализација“[114], кој се спроведуваше во периодот од август 2019 година до август 2020 година, претставени се дел од бариерите со кои најчесто се соочуваат лицата кои се грижат за деца и/или лица со попреченост при остварување на нивните права, особено во однос на степенот на препознавање на дискриминација, односно прекршувањето на некое право. Во рамки на проектот, корисници на вкупно шест дневни центри за деца и лица со попреченост (од вкупно 32 во земјава), односно на лицата кои се грижат за лицата со попреченост кои ги користат услугите на дневните центри, ги споделија своите искуства во однос на најчестите проблеми со кои се соочуваат при остварување на своите права, како и начините на кои се справуваат со нив.

Во директен контакт, родителите и лицата кои се грижат за деца и лица со попреченост релативно слободно зборуваат за своите проблеми. Најголем дел од нив покажаа релативно високо ниво на свесност и способност за препознавање на случаите на дискриминација и прекршување на нивните прва, дури и во случаите на индиректна дискриминација, односно дискриминација по асоцијација. Меѓутоа, само мал дел од нив ги пријавиле случаите до релевантните институции. Имено, 55,6 % изјавиле дека се соочиле со ситуација во која биле дискриминирани и/или им биле прекршени некои права, од кои само 36 % го пријавиле случајот, а само 37,5 % изјавиле дека биле задоволни од постапката. Кога станува збор за причините за непријавување на дискриминација, 29,8 % изјавиле дека не верувале дека нешто ќе се промени доколку го пријават случајот, а нешто помалку (21,3 %) не пријавиле поради недоверба во институциите. 17 % не пријавиле поради страв од понатамошни штетни последици, а 14,9 % не знаеле каде можат да го пријават случајот. Најголем дел од лицата кои се обраќаат за бесплатна правна помош во Хелсиншкиот комитет иницијално изгледаат охрабрено да преземат понатамошни правни дејства, но, сепак, најголем дел по првичниот контакт се откажуваат токму поради недовербата во институциите.

Во однос на областите, овие лица најчесто се соочиле со дискриминација во предучилишното образование (42,5 %) и социјалната заштита (38,3 %), здравството (34 %), основното образование (31,9 %) и јавниот транспорт (29,8 %). Во споредба со останатите области, скоро 40 % упатуваат на дискриминација на некое ниво од образовниот процес.

Еден од најчестите проблеми сè уште е непристапноста на инфраструктурата, почнувајќи од самите институции, па сè до улиците, тротоарите, паркинзите и јавните објекти. Непристапноста е сериозен проблем, дури и во случај кога лицето се движи со придружник. Во дел од изјавите беше истакнато дека сè уште постои непочитување на законите кои се однесуваат на градење и урбанистичко планирање при изградбата на станбени и други објекти.

Голем дел од лицата изјавија дека не можат да ги уживаат правата кои им следуваат на работното место и покрај тоа што се запознаени со тие права. Во однос на правото на надоместок на плата за скратено

---

[114] Јовановска, Б. (2020). *Правно зајакнување во заедницата во процесот на деинституционализација: Извештај.* Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/finalen-izveshta%D1%98-uniczef-mk.pdf

работно време, и покрај информираноста, дел од учесниците имаа нејаснотии околу начинот на кој се исплаќа платата, а повеќето изјавија дека сè уште имаат страв од губење на работно место (особено доколку се вработени во приватни фирми). Дел од нив никогаш не ни побарале да користат некои од правата кои им следуваат, дури и покрај тоа што некои веќе имаат документ кој им овозможува да работат со скратено работно време.

Најчестите проблеми со кои се соочуваат лицата кои се грижат за деца со попреченост се лоцирани во образовниот процес. Еден од проблемите на кој укажуваат е отпорот за прием на нивните деца во одредени градинки и училишта, нивно постојано префрлање од една во друга воспитно-образовна институција, како и потребата од стручни тимови во сите градинки и училишта. И кај воспитно-образовните институции, непристапноста е сè уште проблем.

Значаен дел од лицата кои се грижат за лица со попреченост сметаат дека не се доволно информирани за своите права, ниту, пак, за процесите на носење нови мерки и закони, изразувајќи незадоволство во однос на нивно недоволно вклучување и неземањето предвид на нивните потреби и барања во процесот на нивно донесување. Оттука потекнува и високиот степен на отпор и скептицизам кај овие лица кога станува збор за воведување промени, односно нови закони, мерки, стандарди и слично, без разлика дали станува збор за новини чија цел е да им го олеснат секојдневното функционирање. Со оглед на општата обесхрабреност и недоверба да ги бараат своите права пред релевантните институции, потребно е да се работи на зајакнување на довербата во институциите на лицата со попреченост и нивните семејства, како и на нивно активно вклучување во процесите на донесување одлуки кои се од суштинско значење за остварување на нивните права, но и за задоволување на специфичните потреби.




Кампања за бесплатна правна помош на лица со попреченост

*МЕЃУНАРОДНО ЗАСТАПУВАЊЕ*

Хелсиншкиот комитет за човекови права во 2015 година, во име на малолетното лице Л.Р., лице со комбинирана попреченост, поднесе апликација до Европскиот суд за човекови права за заштита на правата поради нечовечки и понижувачки третман вршен од страна на вработените во Заводот за рехабилитација „Бања Банско“. Европскиот суд за човекови права на 23 јануари, 2020 година, донесе пресуда со која едногласно утврди прекршување на членот 3 од Европската конвенција за човекови права – Забрана за нечовечки или понижувачки третман. Оваа одлука претставува и своевиден преседан на прифаќање на апликација во име на малолетно лице со попреченост, без можност да даде согласност да биде застапувано пред Европскиот суд.

Во случајот се работи за осумгодишно дете кое при посета од страна на Народниот правобранител во 2013 година беше најдено врзано за својот кревет во Заводот за рехабилитација „Бања Банско“. Случајот беше обелоденет во јавноста во 2014 година, за веднаш потоа Л.Р. да биде посетен од страна на претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права, кој иницираше постапка пред Јавното обвинителство.

Л.Р. бил напуштен од своите родители (лица со интелектуална попреченост) по неговото раѓање во 2004 година и за негов старател бил назначен Центарот за социјална работа, кој спровел негово згрижување во неколку државни институции за социјална заштита. На едногодишна возраст му биле утврдени пречки во развојот, а кога Л.Р. наполнил три и пол години, тим лекари му дијагностицирал интелектуална и физичка попреченост (церебрална парализа) и пречки во говорот. Врз основа на оваа дијагноза, во 2012 детето било сместено во Заводот за рехабилитација, институција од отворен тип, наменета за лица со физичка попреченост, несоодветна да одговори на потребите на малолетното лице Л.Р. Заводот, и пред сместувањето на Л.Р., но и за време на неговиот престој таму, во повеќе наврати реагирал до надлежните дека не може да сместува лица со интелектуална попреченост, бидејќи немаат доволно персонал, а дека постоечкиот не е квалификуван да комуницира со Л.Р., кој е глув и не може да зборува.

Постапувајќи по случајот, Јавното обвинителство започна истрага врз основа на која било утврдено дека сместувањето на Л.Р. во оваа институција било несоодветно и дека тој повремено бил врзуван за својот кревет со јаже од „безбедносни причини“, односно за да го спречат да избега и со тоа да се стави себеси во опасност. Но, и покрај утврдените неправилности, Јавното обвинителство не најде основ за кривично обвинение со објаснување дека кај вработените не постоела намера детето да се подложи на нечовечки и понижувачки третман. Ваквата одлука беше обжалена од страна на Хелсиншкиот комитет без позитивен исход и со потврдување на одлуката од страна на Вишото јавно обвинителство.

Европскиот суд одлучи дека во случајот на Л.Р. против Северна Македонија државата потфрлила во спроведувањето соодветна истрага за случајот и системски потфрлила и постапувала спротивно на забраната за нечовечки и нехуман третман. Дополнително, Европскиот суд одлучи дека Северна Македонија треба да му исплати 18.000 евра на апликантот за нематеријална штета и 1.650 евра за трошоци. За да можеме да зборуваме за извршување на оваа пресуда, од особена важност е во наредниот период државата да му обезбеди соодветна рехабилитација и да осигура дека средствата ќе бидат употребени за негова заштита. Л.Р. е во меѓувреме сместен во мал групен дом во надлежност на Специјалниот завод Демир Капија, каде на почетокот на годината беше посетен од страна на претставнички на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

# РОДОВА ЕДНАКВОСТ

*ИЗМЕНИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА*

Во 2020 година започна со работа работната група за изготвување на новиот **Закон за родова еднаквост** (претходно Закон за еднакви можности на жените и мажите), во која со своја претставничка учествува и Хелсиншкиот комитет. Потребата од донесување нов закон произлезе од ограничената ефективност на досегашниот, особено на локално ниво. Според препораките од извештајот на Комитетот за елиминација на дискриминација врз жените при Организацијата на Обединетите нации (CEDAW-комитет) од 2018 година потребно е одредување временска рамка и тематски приоритети во однос на амандманите на Законот, согласно со принципите на еднаквост и недискриминација во сите области покриени со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), во соработка со сите релевантни чинители, вклучително и граѓанското општество.[115] Препораките укажуваат на потребата од развивање план за таргетирано спроведување на Законот, со фокус на жени во рурални средини, Ромки, мигрантки, барателки на азил и бегалки, сексуални работнички и жени со попреченост.

Во текот на 2020 година не беа направени значајни достигнувања во однос на исполнување на поставените цели и активности од Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018 – 2023 (НАП). Така, на пример, еден од клучните закони кој беше предвиден со НАП – **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство,** во чија подготовка учествуваа и претставнички на Хелсиншкиот комитет, а кој беше предвидено да се донесе до крајот на 2019 година, поради закажувањето на предвремените парламентарни избори на 12 април 2020 година, не беше ставен на гласање во Собранието. Дополнително, со кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19, донесувањето на овој закон повторно се одложи, а по формирањето на новата Влада во август, 2020 година, Законот беше повлечен од страна на Министерството за труд и социјална политика без притоа да бидат известени организациите кои беа дел од работната група. Како причини за повлекување на Законот, Министерството за труд и социјална политика ги наведе забележаните недоследности, како и потребата од внесување одредени промени во насока на подобрување на текстот на Законот. По бурните реакции од граѓанските организации, работната група повторно беше свикана и текстот на Законот повторно беше отворен за работа. Во декември 2020 година, новиот текст на Законот повторно влезе во собраниска процедура, но не беше изгласан до крајот на годината.

Целта на донесувањето на овој Закон е да се надминат пречките и недостатоците кои ги имаме со постоечкиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство преку обезбедување на еднаквост, елиминирање на стереотипите за родовите улоги, превенција на сите форми на родово базираното насилство врз жените, семејното насилство и утврдување на мерки и активности за заштита на жртвите на овој вид насилство. Со овој закон се уредува постапувањето на институциите и нивната координација со организациите и за прв пат предвидува дека треба да постапуваат со должно внимание. Текстот на новиот Закон опфаќа нови форми на насилство кои ги воведува Истанбулската конвенција и изречно ги дефинира поимите насилство врз жени и родово базирано насилство, а воедно предвидува поддршка на сите категории ранливи жени, како транс-родови жени, жени корисннички на дроги, бремени жени, Ромки итн.

Со ратификација на Истанбулската конвенција, Република Северна Македонија ја презеде и обврската за измена и дополнување на Кривичниот законик, но и на други закони и подзаконски акти, што е од особена важност да се заврши во текот на следниот период, односно пред планираната евалуациска процедура на

[115] CEDAW (14 ноември 2018). *Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia.* Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En (последен пат пристапено на 2.3.2021)

Групата експерти за акција против насилството врз жените и домашното насилство (GREVIO)[116] за нашата држава, која во меѓувреме, како резултат на пандемијата, беше поместена за 2022 година.

*МЕЃУНАРОДНО ЗАСТАПУВАЊЕ*

Во рамки на проектот „Жените имаат права!", кој се спроведуваше во текот на 2018 и 2019 година, Хелсиншкиот комитет на 25 мај 2019 година поднесе претставка до CEDAW-комитетот. Случајот кој беше идентификуван како соодветен за застапување пред Комитетот, што подразбира дека ги исполни условите за допуштеност (*admissibility criteria*), односно условите за започнување постапка пред Комитетот, претходно бил воден пред домашните судови, а бил поддржан со финансиски средства на Здружението за здравствена едукација и истражување ХЕРА.

Случајот се однесуваше на две жени Ромки на кои им било оневозможено правото на здравствена заштита, односно им бил ограничен пристапот до гинеколошки услуги. Во септември 2016 година С.Б. и М.Б поднесоа тужба до Основниот суд во Скопје против една приватна гинеколошка ординација во Скопје, откако во 2015 година беа одбиени да го изберат гинекологот за матичен и да го остварат своето право на здравствена заштита, со објаснување од страна на медицинската сестра дека ординацијата повеќе не прима млади пациентки. Двете жени бараа од Судот да утврди дека над нив е извршена дискриминација по основ на етничката припадност и дека им е повредено правото на еднаков третман за заштита на репродуктивното здравје. Во истиот период, жени од македонската етничка заедница исто така поднеле барање за избор на матичен гинеколог и биле веднаш примени и прегледани.

Основниот суд Скопје ја одби тужбата за дискриминација на С.Б и М.Б како неоснована. Против пресудата беше поднесена жалба до Апелациониот суд, кој ја потврди првостепената одлука дека во конкретниот случај нема дискриминација. По исцрпувањето на националните правни лекови, во 2019 година Иницијативата на жени од Шуто Оризари, со поддршка од ХЕРА и Хелсиншкиот комитет за човекови права, ја поднесе индивидуалната претставка за сторена дискриминација на двете Ромки до CEDAW-комитетот.

На 2 декември 2020 година, Комитетот утврди повреда на правото на еднаков третман и дискриминација кај двете жени од Шуто Оризари на кои им било оневозможено да добијат гинеколошки услуги. По петгодишна битка, Комитетот ја утврди неправдата и даде низа препораки за државата за структурни промени и искоренување на штетните практики во пристапот до гинеколошки услуги на Ромките. Оваа одлука на Комитетот е прва ваква одлука против нашата држава, што е особено значајно бидејќи јасно ги препознава дискриминацијата врз Ромките и потребата од достапна здравствена заштита поврзана со нивното сексуално и репродуктивно здравје. Комитетот посочува и на непреземањето конкретни мерки од страна на државата, потребата од подигнување на свеста на судиите за дискриминацијата, како и на правните аспекти на товарот на докажување.

Комитетот утврди повреда на правата на двете Ромки загарантирани согласно со членовите 1, 2 и 12 од Конвенцијата, односно повреда на правата и дискриминација во пристапот до услуги за сексуално и репродуктивно здравје. Поточно, Комитетот утврди дека државата не обезбедила: а) практична реализација на принципот на недискриминација во пристапот до услуги за репродуктивно здравје, б) ефективна заштита од дискриминација на жени во рамки на судскиот систем и в) соодветни мерки за да ја елиминира дискриминацијата врз овие жени сторена од страна на инволвираните лица, односно приватната гинеколошка ординација. Дел од препораките на Комитетот кон државата членка вклучуваат обезбедување соодветна репарација на оштетените, вклучително и преку признавањето на материјалната и моралната штета што ја

[116] Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence

претрпеле како последица на нивниот несоодветен пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје, особено до редовни гинеколошки услуги.

Дополнително, Иницијативата на жени од Шуто Оризари, со поддршка од ХЕРА и Хелсиншкиот комитет за човекови права, ќе поднесе барање за повторување на судската постапка на национално ниво, со цел да се заштитат достоинството и честа на жените Ромки. Во наредниот период Хелсиншкиот комитет ќе продолжи со следење на процесот на спроведување на препораките на Комитетот од страна на надлежните институции и преземањето системски мерки за унапредување на репродуктивни права на Ромките.

*РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА*[117]

Состојбатата со родово базираното насилство во текот на изминатата година беше во голема мера под влијание на различните видови мерки кои беа донесени како резултат на пандемијата. Доколку имаме предвид дека домот претставува најнебезбедно место за жените и во услови кога не постои криза од глобални размери, на што укажуваат и статистиките во нашата земја,[118] ранливоста на жените во домот за време на пандемијата е очекувано зголемена.

Предупредувањата за ризикот од зголемување на случаите на семејно насилство во услови на кризна состојба започнаа уште во март. И покрај тоа што не постоеја доволно официјални податоци за овој релативно краток период, првичните статистики од земјите каде вирусот веќе беше значително проширен укажуваа на значаен пораст на семејното насилство. Тоа несомнено беше еден од несаканите ефекти кои произлегоа од примената на рестриктивните мерки за превенција и заштита од вирусот. Тоа што фокусот на државите целосно се насочи на заштитата од проширувањето на вирусот, неминовно придонесе за занемарување на предизвиците со кои се соочуваат голем број граѓани кои веќе се наоѓаат во ранлива состојба, како и отежнување на пристапот до одредени услуги. Воедно, пренасочувањето на голем број средства во корист на здравствениот систем беше на сметка на пристапот до одредени права и услуги кои засегаат голем број маргинализирани групи граѓани.

Рестриктивните мерки кои секојдневно се усвојуваа од страна на Владата на РСМ од почетокот на пандемијата, меѓу кои препораките за самоизолација како еден од најефикасните начини на превенција, претставуваа сериозен фактор за зголемување на ризикот од насилничко однесување во домот. Дополнително, стресот предизвикан со губењето на работните места, затворањето на градинките и училиштата, неизвесната финансиска состојба, постоечките здравствени проблеми, беа и се плодна почва за пораст на семејното насилство, што не мора да значи зголемување на бројот на нови случаи, туку опасност за интензивирање на постоечкото насилство. Во земјите од Европската Унија една од пет жени е жртва на семејно насилство, а ризикот е уште поголем за жените кои живеат во домаќинства кои имаат проблеми со задоволување на основните егзистенцијални потреби.[119]

Хелсиншкиот комитет за човекови права од самиот почеток на пандемијата апелираше до институциите соодветно и навремено да постапуваат по пријави за семејно и родово базирано насилство, со цел да не дојде до нивен пораст и фатални последици. Она што беше особено важно во овој период е овозможувањето поддршка и охрабрување на жртвите за да го пријават насилството, бидејќи искуството на терен укажува на фактот дека еден од најсериозните проблеми е токму непријавувањето на насилството.

---

[117] Податоците за состојбата со родово базираното насилство за време на вонредната состојба се достапни во *Посебниот извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19* кој го издаде Хелсиншкиот комитет за човекови права во октомври 2020 година. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/izvestaj-mk_compressed.pdf

[118] Димушевска, Е. (2018). *Анализа на случаите на фемициди – убиства на жени во Република Македонија*. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство. Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf (последен пат пристапено на 13.2.2021)

[119] European Institute for Gender Equality (29 април 2020). *EU rights and equality agency heads: Let's step up our efforts to end domestic violence*. Достапно на: https://eige.europa.eu/news/eu-rights-and-equality-agency-heads-lets-step-our-efforts-end-domestic-violence (последен пат пристапено на 4.3.2021)

Стапката на пријавување на случаите на насилство се движи околу 14 % во Европа,[120] додека во нашата земја само 2 % од жените кои доживеале насилство од партнер го пријавиле во полиција,[121] што е резултат на недовербата во институциите, неказнувањето на насилниците, но и стравот и срамот, па дури и непрепознавање на насилството од страна на самите жртви.

Во однос на сервисите за пријавување семејно насилство, во текот на периодот на изолација жртвите можеа да пријават на Националната бесплатна мобилна СОС-линија за жртви на семејно насилство, која обезбедува 24-часовна доверлива информација за заштита на жртвите, достапните услуги и телефонско советување на жртвите, како и во најблиската полициска станица или надлежниот Центар за социјална работа. Службата за бесплатна правна помош при Хелсиншкиот комитет, исто така, им беше на располагање на жртвите.

На 9 април 2020 година, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, чија членка е и Хелсиншкиот комитет за човекови права, достави Барање за дополнување на одлуката за забрана за движење на граѓаните во целата територија на државата[122] до Владата на РСМ, со цел да се донесат мерки кои ќе направат исклучок од санкционирање на жените жртви на насилство и нивните деца кои го напуштаат домот поради закана и директен ризик од насилство. Набрзо по доставување на барањето, Министерството за внатрешни работи објави соопштение,[123] известувајќи дека жртвите на насилство во текот на полицискиот час непречено ќе можат да се движат до најблиската полициска станица или, пак, доколку им е потребна здравствена помош, до најблиската здравствена установа, односно нема да имаат потреба од посебна дозвола за движење за овие потреби.

На 13 април 2020 година, Мрежата достави и официјално Барање за изрекување итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба до Владата на РСМ[124] со предлог-мерки со чие донесување би се овозможила соодветна заштита на жртвите на насилство, согласно со новонастанатите услови. Во барањето конкретно беа посочени ризиците кои се специфични за семејното насилство и содржеше предлог за итни мерки за справување со насилството, како и подготовка на системот на заштита за постапување при случаи на семејно насилство по завршување на пандемијата.

За време на вонредната состојба во земјата, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше вкупно пет пријави на семејно насилство, што не укажува на постоење тренд на зголемување на случаите. Според статистиките на Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика, во нашата земја нема зголемување на бројот на случаи на семејно насилство во споредба со истиот период минатата година. На неделно ниво, единствен пораст бил забележан само во првата седмица од месец април, додека во текот на останатите седмици бројот на случаи на семејно насилство бил во стагнација.[125] Споредбено со многу земји во Европа, но и на глобално ниво, каде порастот на семејното насилство од самиот почеток на изолацијата достигна над 25 %,[126] имаме причина да веруваме дека податоците го потврдуваат долгогодишниот проблем на непријавување од страна на жртвите, но и несоодветниот начин на евидентирање на кривичните дела и водење на родово разделена статистика. Друга причина за ваквата бројка е и

[120] UNDP (22 мај 2020). *Justice for Women Amidst COVID-19*. Достапно на: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/justice-for-women-amidst-covid-19.html (последен пат пристапено на 4.3.2021)
[121] ОБСЕ (2019). *Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија – Благосостојбата и безбедноста на жените.* Достапно на: https://www.osce.org/mk/secretariat/424409?download=true (последен пат пристапено на 4.03.2021)
[122] Достапно на: https://mhc.org.mk/news/baranje-do-vlada-na-rsm-za-dopolnuvanje-na-odlukata-za-zabrana-za-dvizhenje-na-graganite-vo-celata-teritorija-na-drzhavata/
[123] Достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/11716?fbclid=IwAR22dRPTvDTbXfoyH_G93_i2vY21o4tz0qHkt-1l3qy7-U8A14EZgBFnWK0 (последен пат пристапено на 4.03.2021)
[124] Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Itni-merki-za-zashtita-na-zhenite-i-detsata-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo-vo-kriza.pdf (последен пат пристапено на 1.2.2021)
[125] Блажевска, К. (30 април 2020). *Какви приказни се кријат зад бројките на МВР?* DW. Достапно на: https://www.dw.com/mk/%D0 (последен пат пристапено на 5.2.2021)
[126] ООН (9 април 2020). *Policy Brief: The Impact of COVID-19 on Women*. Достапно на: https://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2020/policy-brief-the-impact-of-covid-19-on-women-en.pdf?la=en&vs=1406 (последен пат пристапено на 1.2.2021)

несоодветниот начин на квалификација на случаите на семејно насилство кои многу често се третираат како прекршоци против јавниот ред и мир, наместо како кривични дела. Во оваа насока говорат и информациите од Министерството за внатрешни работи, според кои дел од жртвите кои поднеле пријава до полицијата подоцна ја повлекле, поради што е регистрирано намалување на бројот на кривични дела и прекршоци за семејно насилство во овој период.[127]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година, Хелсиншкиот комитет регистрираше вкупно 32 случаи на семејно и родово базирано насилство, за кои беше обезбедена бесплатна правна помош. Во споредба со претходните години, бројките не укажуваат на постоење тренд на пораст на пријавите, што неминовно го отвора сомнежот за сè уште присутното ниско ниво на доверба на жртвите во однос на институциите.

Министерството за труд и социјална политика на почетокот на периодот на изолација предупреди за ризикот од зголемување на семејното насилство преку споделување контакти од сервисите за пријавување и поддршка на жртвите, а во текот на мај започна и кампања за пријава на семејно насилство во вонредна состојба.[128] Меѓутоа, и покрај доставените предлог-мерки, освен мерката за непречено пријавување за времетраење на полицискиот час, државата не успеа да имплементира никакви креативни решенија за превенција од насилство, ниту за олеснување на пријавувањето.

Во случаи кога семејното насилство останува непријавено или, пак, релевантните институции на жртвата не ѝ ја обезбедуваат соодветната заштита, се зголемува и веројатноста насилството да ескалира во фемицид. И оваа година не изостанаа случаите на фемицид во нашата земја, односно убиството на жена затоа што е жена. Според истражувањата во нашата земја,[129] во повеќе од 80 % од случаите убиството се случило во заедничкиот дом или доколку била отпочната постапка за развод, во домот на родителите на жртвата, а во најголем дел од случаите убиството е извршено од страна на сегашен или поранешен партнер. Во 2020, регистрирани беа 4 фемициди за време на пандемијата (Прилеп, Скопје, Арачиново и Гостивар) и 1 обид за убиство (Велес). Со последниот случај на фемицид во Гостивар се потврди и дека една од најчестите причини поради која физичкото насилство резултира во убиство е несериозниот пристап на институциите кон родово базираното насилство, односно несоодветното постапување по пријавите, што само дополнително ја намалува довербата на жртвите во надлежните институции. Во конкретниот случај беше потврдено сомнението дека причината поради која насилството ескалирало во убиство е непостапувањето на полицијата по претходна пријава за насилство. Фемицидот сè уште не е препознаен од страна на нашето законодавство како посебно кривично дело за кое ќе се води и посебна статистика и покрај тоа што тоа претставува најтешка форма на насилство врз жената.

Во овој период, од особена важност беше изнаоѓањето нови и креативни решенија за поддршка и заштита на жртвите на насилство, заради спречување на насилството и неговите фатални последици. Имајќи ги предвид ограничените можности за пријавување на семејното насилство во услови кога најголем дел од времето партнерот е во домот, а движењето надвор од домот е сведено на минимум, голем број земји воведоа алтернативни начини на пријавување на семејно насилство, со користење на веќе постоечки алатки, како социјални медиуми, СМС-пораки, Whatsaap, но и развивање нови бесплатни апликации, праќање пораки за лоцирање на жртвите преку GPS, како и употреба на тајни шифри при посета на аптеки и продавници.[130] И покрај големото задоцнување, во декември 2020 година, УНДП и Министерството за труд и социјална политика,

---

[127] Димовска, М. (29 април 2020). *Рестриктивните мерки ги зголемија и бројот на семејно насилство во Македонија*. Каналм 5. Достапно на: https://kanal5.com.mk/-restriktivnite-merki-gi-zgolemija-i-brojot-na-semejno-nasilstvo-vo-makedonija/a419964 (последен пат пристапено на 3.12.2020)

[128] Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-kako-da-se-zashtitime-od-semejno-nasilstvo-kade-da-pobarame-pomosh.nspx (последен пат пристапено на 22.12.2020)

[129] Димушевска, Е. (2018). *Анализа на случаите на фемициди – убиства на жени во Република Македонија*. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство. Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf (последен пат пристапено на 22.12.2020)

[130] UNDP (22 мај 2020). *Justice for Women Amidst COVID-19*. Достапно на: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/justice-for-women-amidst-covid-19.html (последен пат пристапено на 4.12.2020)

заедно со останатите релевантни институции и граѓански здруженија кои работат со оваа проблематика, вклучително и Хелсиншкиот комитет, ја промовираа апликацијата „Биди безбедна". Оваа дигитализација на пријавувањето на насилството се очекува да придонесе за брза реакција од страна на сите релевантни институции, како и за подобрување на меѓусекторската соработка. Апликацијата е достапна на три јазици: македонски, албански и ромски. Освен пријавување на насилството, преку апликацијата жртвите можат да се информираат за сите услуги кои им стојат на располагање и начинот на кој можат да ги користат, а содржи и совети, протокол и лични сведоштва на жртви на насилство.

***ЈАВНА СОБА***

Во јануари 2020 година во јавноста излезе скандалот наречен „Јавна соба", кој во моментов стои како случај од доменот на родово базирано насилство со најголем број жртви, а каде според досегашните сознанија на јавноста, сите жртви се жени. Информацијата за постоењето на затворената (приватна) група на мрежата за комуникација Телеграм со наслов „Јавна соба", каде членовите споделуваат и коментираат експлицитни фотографии и видеа од девојки и жени од земјата прва ја сподели професорка од средно училиште од Скопје, која дошла до информацијата преку своите ученички. Некои од сликите беа преземени од отворени профили на девојчињата на социјалните медиуми, но многу од нив биле пратени приватно, веројатно на интимни партнери, а потоа се нашле споделени во групата, каде членувале и возрасни мажи.

Случајот за кратко време доби многу внимание, како медиумско така и институционално. Од Бирото за јавна безбедност изјавија дека веднаш е започната истрага за мотивите и целите на формирање на оваа група, а против прекршителите на законот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци. Дополнителната заменик-министерка за труд и социјална политика Санела Шкријељ ги повика децата и родителите кои имаат потреба да побараат соодветна помош од центрите за социјална работа. Меѓутоа, иако иницијално интитуциите реагираа релативно брзо, реакцијата со оглед на сериозноста и природата на проблемот, беше далеку од доволна.

Групата „Јавна соба" веднаш започна да губи членови откако информацијата се јави во јавност. Првата група беше успешно затворена, меѓутоа во меѓувреме се отворија нови групи со истата цел и ист принцип на функционирање. Организациите кои работат во ова поле веднаш алармираа дека „Јавна соба" и секоја друга група од ваков вид треба да се третираат како кривично дело, а администраторите и членовите кои го прекршиле законот треба да се соочат со кривична одговорност.

Хелсиншкиот комитет за човекови права на 27 јануари 2020 година ја пријави групата до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, и тоа според член 149 од Кривичниот законик за „Злоупотеба на лични податоци", како и според член 193 став 3 за „Производство и дистрибуција на детска порнографија". По дописот, веднаш пристигна одговор дека случајот се наоѓа во Основното јавно обвинителство Скопје, од каде, година дена по пријавата, сè уште немаше обвинителен акт, односно пресуда.

Во текот на годината во јавноста се појавија информации и за други групи од ваков вид, како ГевгелијаХаб. Дел од жртвите од Гевгелија чии лични податоци биле злоупотребени, поднеле пријава до МВР и посочиле конкретни личности кои ги поседувале овие материјали, односно нивни интимни фотографии, и можеле да бидат иницијатори, но слично како и со случајот „Јавна соба" институциите потфрлија и не презедоа соодветни мерки кон сторителите.

Молкот и непостапувањето на институциите, конкретно МВР и ОЈО, засилено со двојната виктимизација од јавноста дека жртвите „сами си го барале", дополнително ги обесхрабри девојките и жените да пријавуваат ваков вид родово базирано насилство. Институциите во своите обраќања не го дадоа потребниот родов контекст и фокус за случаите, иако се соочивме со класичен пример на родово базирано насилство и вознемирување, кое се перпетуира во физичкиот и во кибер-просторот. За елиминирање на ваквото насилство потребни се темелни и сеопфатни решенија.

[130] Апликација „Биди безбедна". Достапно на: https://play.google.com/store/apps/details?id=budi.sigurna.mk&hl=mk&gl=US

# ПРАВОСУДСТВО

Следењето на реформите и работењето на правосудството Хелсиншкиот комитет го спроведува како активна членка на Блупринт-групата. Организациите од оваа група го набљудуваат процесот на спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор и зајакнување на независноста и непристрасноста на судството. Блупринт-групата објави посебна анализа за примената и спроведувањето на оваа стратегија во 2020 година. Во продолжение се заклучоците и препораките од оваа анализа, која содржи и осврти на работата на Уставниот суд, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.[131]




*Слика број 1 - Насловната страница на анализата, дизајн на Релатив*

[131] Блупринт група за реформи во правосудството (2019), „Анализа на спроведувањето на стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 – 2022) за периодот од 2018/2019 година", достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/06/Analiza-na-sproveduvanjeto-na-Strategijata-za-reforma-na-pravosudniot-sektor-2017-2022-za-periodot-2019-2019.pdf.

Кај најголем дел од законите од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 – 2022), кои беа усвоени и стапија на сила во изминатиот период, спроведувањето на законските решенија во пракса е оценето како коректно и навремено. За релативно краток временски период беше постигнато уедначување и усогласување на одредбите за изрекување глоба од новиот Закон за прекршоци со останатите материјални закони во областите на животната средина, култура, образование, наука и туристичка дејност, додека Министерството за правда во континуитет носеше правилници и останати подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за извршување на санкции. Дополнително, Министерството за правда презеде и значајни активности во насока на промоција на Законот за бесплатна правна помош и за зголемување на информираноста на граѓаните за начинот на кој може да се стекнат со примарна и секундарна правна помош. Сепак, не сите закони од Стратегијата наидоа на ист третман при нивната примена во пракса. Конкретно, забелешки во процесот на имплементација на законските решенија беше забележан во Законот за Јавното обвинителство, Законот за управни спорови, Законот за Судски совет на РСМ, како и делови од Законот за бесплатната правна помош:

- Со новиот Закон за Судскиот совет на РСМ значително се променија условите и постапката за избор на судии во основен и повисок суд, квалитативните и квантитативни критериуми за оценување на работата на судиите и претседателите на судот во случај на нивно напредување, како и основите и постапката за утврдување дисциплинска одговорност на судиите и нивно разрешување.

- Постојат одредени контрадикторности во одредбите од Законот за јавно обвинителство во однос на материјалите и транскриптите од незаконските прислушувани материјали. Предвидено е дека тие може да се користат само како индиции и врз основа на нив не може да се поведе обвинение, што е во колизија со одредбите од Законот за кривичната постапка. Оттаму, само домашните судови и Европскиот суд за човекови права имаат надлежност да навлегуваат во оценување кои докази можат да бидат земени предвид во текот на кривичната постапка.

- Речиси една година по стапувањето на сила на новиот Закон за управни спорови, сè уште не е предадена на користење новата зграда за Управниот суд, што ќе овозможи исполнување на обврските што произлегуваат од новиот закон во насока на редовно одржување на задолжителни јавни расправи.

- Новиот Закон за бесплатна правна помош претставува значително подобрување на правната рамка во споредба со поранешниот закон. Сепак, дел од решенијата се рестриктивни во однос на пристапот до правда за најсиромашните граѓани. Правните прашања за кои може да се одобри секундарна правна помош мора да кореспондираат со правните проблеми со кои се соочуваат граѓаните со ниски приходи.

- Сериозен предизвик останува воспоставувањето функционален систем за обезбедување бесплатна правна помош на децата во ризик и децата сторители кои не се во можност да ги надоместат адвокатските трошоци. Законското решение без соодветно буџетирање е недоволно за решавање на овој проблем кој има сериозно влијание врз правото на фер судење.

Во однос на целокупните постапки за носење нови законски решенија, процесот на донесување на дел од законите беше оценет како транспарентен и инклузивен, што придонесува за зголемување на довербата на граѓаните во правосудните институции, како и за донесување на квалитетни законски решенија. Сепак, кај дел од законите, постапката и процесот на донесување на новите законски решенија не беа оценети дека се спроведени на транспарентен и инклузивен начин. Неуедначениот пристап за носење на законите кои произлегуваат од Стратегијата за реформата на правосудниот сектор отвора простор за сомнеж во квалитетот на законските решенија. Со овој начин на работа се ризикува стагнација наместо унапредување на владеењето на правото, а државата се оддалечува за уште еден чекор од враќањето на довербата на граѓаните во правосудниот систем и унапредувањето на заштитата на човековите права. Генералните препораки за унапредување на состојбите во правосудството и за доследно спроведување на мерките и целите од Стратегијата го утврдуваат следното:

- И покрај унапредувањето на правната рамка за надлежностите на Судскиот совет на РСМ, од големо значење е адекватната и доследна практична примена на законските одредби од страна на Судскиот совет на РСМ, континуирана ажурност на Советот, како и понатамошно следење на работата на Советот од страна на здруженијата на граѓани кои работат во оваа област.

- Неопходно е во најбрз можен рок да се предаде зградата на користење на Управниот суд на РСМ која во целост ќе ги задоволува просторните услови неопходни за редовно одржување на јавни расправи.

- Периодот на влегување во сила на Законот за Јавното обвинителство не смее во никој случај да биде поврзан со текот на кривичните постапки и иднината на веќе започнатите предмети, како и доказите со коишто располага Јавното обвинителство. Во однос на водењето на кривичните постапки, lex specialis се процесните закони, односно Законот за кривичната постапка врз основа на кои се водат постапките.

- Врз основа на податоците од 2020 година, неопходно е спроведување темелна анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош заради идентификување на потребата од подобрување на законскиот текст врз основа на најдобри практики од државите на ЕУ.

- Неопходно е да се продолжи со постапката за донесување на Законот за парнична постапка и притоа да се остави соодветен простор (vacation legis) поради значењето на овој закон за функционирањето на правосудството воопшто.

- Со воспоставувањето обврска за задолжителна почетна и постојана обука за адвокати на ниво на закон, неопходно е да се предвиди донесување акти на АКРСМ со кои прецизно ќе се уреди начинот и програмата врз основа на кои ќе се спроведува обуката.

- Пандемијата на ковид-19 и тримесечната вонредна состојба која за прв пат беше прогласена во РСМ, претставуваа индикатор и за спремноста на судството да работи во вонредни услови. Имајќи предвид дека организацијата на судовите и судската управа за време на вонредна или воена состојба не е регулирана, ниту предвидена во ниту еден закон или позаконски акт, се предлага утврдување на организацијата и функционирањето на судовите во вонредна состојба во Судскиот деловник или Законот за вонредна состојба.

- Кај дел од законите (Закон за вештачење, Закон за сопственост и други стварни права), процесите за донесување на законските измени беа запрени уште пред 2 години без објавување план или активности за финализирање на процесот. Работна група за Законот за наследување сѐ уште не е оформена, ниту пак започната со работа.

# ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

Казнено-поправните и воспитно-поправната установа во 2020 година се соочија со огромен предизвик во однос на тоа како да им овозможат на осудените лица да ги уживаат своите права и поволности, а истовремено да преземат мерки за спречување од ширење на ковид-19 во затворите. Затворите претставуваат средини со висок ризик од ширење на коронавирусот поради затворените простории, групирањето на осудените лица, лошите материјални и хигиенски услови и слично. Со прогласувањето на вонредната состојба и стапувањето на сила на посебните мерки за заштита и превенција од ковид-19, казнено-поправните установи посегнаа кон ограничување, односно забрана на посети и поволностите на лицата лишени од слобода.

На 15 март 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) го објави својот документ насловен „Подготвеност, превенција и контрола на КОВИД-19 во затворите и другите установи за лица лишени од слобода – Привремени насоки", чија цел е да „им помогне на земјите да изготват посебни планови и/или да осмислат дополнителни активности за затворите и другите установи за лица лишени од слобода, како одговор на меѓународната епидемија на КОВИД-19".[132]

Во однос на малолетниците лишени од слобода, Комитетот за правата на детето при Обединетите нации ги повика државите да имаат предвид дека „додека овие рестриктивни мерки можат да се сметаат како неопходни на краток рок, на подолги периоди тие ќе имаат изразен негативен ефект врз децата. На децата во секое време треба да им се дозволи редовно да одржуваат контакт со своите семејства и, ако не лично, преку електронска комуникација или телефон. Доколку периодот на вонредна состојба е продолжен, треба да се има предвид повторна проценка на мерките што забрануваат посети." [133]

Следејќи ги препораките на меѓународните организации и тела, како и владините мерки за спречување и заштита од ширење на коронавирусот, Управата за извршување на санкции на 10 март донесе одлука со која им ги скрати правата и поволностите на осудените лица како: посети од страна на семејствата во и надвор од установите, отсуство за викенди, работен ангажман надвор од установата и годишен одмор. Ваквата одлука беше причина казнено-поправните установи да изнајдат други алтернативни решенија за да им овозможат контакти на осудените лица со нивните семејства. Дел од установите обезбедија мобилни телефони и таблети, а на притворените лица во КПУ Затвор Скопје им беше овозможено да имаат поединечни посети, бесконтактно во простории наменети за посети, по што била вршена редовна дезинфекција.

Во соработка со Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет до надлежните институции поднесе и заеднички препораки за спроведување засилени мерки за заштита на лицата кои се лишени од слобода во услови на пандемија. Препораките се генерално во насока на превенција со предлози за намалување на бројот на лица лишени од слобода (преку користење алтернативни мерки и пробација – условен отпуст и сл.), како и преземање мерки со кои ќе се гарантира заштитата на човековите права и човековото достоинство на лицата лишени од слобода и во услови на пандемија.

За спроведување на протоколите во секоја казнено-поправна и воспитно-поправна установа се применуваат следните мерки: секојдневна дезинфекција на просториите во кои престојуваат осудените лица, доделување пакети за лична хигиена на секое осудено лице, поставени препарати за дезинфекција на влезот во секоја установа за дезинфекција на раце и обувки, набавени бесконтактни топломери со кои редовно се

---

[132] Fundamental rights agency (FRA), Coronavirus pandemic in the EU – fundamental rights implications – https://fra.europa. eu/en/publication/2020/covid19-rights-impact-april-1 (последен пат пристапено на 12.3.2021)

[133] Committee on the Rights of the Child (CRC), Statement: The Committee on the Rights of the Child warns of the grave physical, emotional and psychological effect of the COVID-19 pandemic on children and calls on States to protect the rights of children – https://tbinternet.ohchr.org/Treaties/CRC/Shared%20Documents/1_Global/INT_CRC_STA_9095_E.pdf (последен пат пристапено на 12.3.2021)

контролира телесната температура на осудените лица, во изолирана просторија е ставено секое новодојдено осудено или притворено лице во период од 14 денови.

Управата за извршување на санкции генерално добро се справи со пандемијата предизвикана од ковид-19, а како резултат на тоа, нашата држава бележи мал број затвореници кои се позитивни на вирусот. Најмногу заболени лица беа регистрирани во КПД Идризово, каде што едно лице почина од вирусот како и во КПД Штип. Сепак, загрижува фактот во врска со ефикасноста од спроведувањето на мерките за заштита во казнено-поправните установи кои сè уште се соочуваат со ризик од пренатрупаност, а во врска со обезбедување простории за изолација на лицата кои во никој случај не треба да се поистоветуваат со просториите за издржување на дисциплинската мерка самица, како и во установите во кои хигиенските услови се на најниско ниво поради проблеми со редовно снабдување со вода.

За да се спречи ширењето на ковид-19 во казнено-поправните установи, за време на вонредната состојба беше донесена само една уредба со законска сила за примена на Законот за извршување на санкции. Со уредбата беше пролонгирано издавањето на упатните акти до 1 септември 2020 година и одложено извршувањето на издадените упатни акти до 1 септември 2020 година.

## МОНИТОРИНГ-ПОСЕТИ

По олабавувањето на рестриктивните мерки, во август, Хелсиншкиот комитет за човекови права заедно со Македонското здружение на млади правници започна со спроведување на мониторинг теренски посети во сите казнено-поправни установи и воспитно-поправната установа. До крајот на 2020 година беа спроведени вкупно 29 посети во сите установи. За посетите е изготвен извештај[134] за остварениот теренски мониторинг, фокусирајќи се на напредокот и на главните предизвици документирани за време на посетите, како и предизвиците во врска со здравствената заштита и правата на осудените лица кои треба да ги уживаат и за време на пандемијата од ковид-19. Извештајот воедно содржи и препораки за секоја казнено-поправна и воспитно-поправна установа, како и генерални препораки за надлежните институции во насока на подобрување на состојбите и условите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Од наодите од извештајот произлегува дека иако се нотирани некои подобрувања, пенитенцијарниот систем сè уште се соочува со големи проблеми и предизвици, особено во поглед на материјалните услови, здравствената заштита, образованието и ресоцијализацијата на осудените лица, за кои се потребни системски решенија и финансиски средства, а за што најважна е политичката волја.

Во 2020 година беа отворени новите објекти во КПД Идризово кои се предвидени за сместување на 546 осудени лица. Новите згради се предвидени како објекти за отворено и полуотворено одделение, со четворокреветни ќелии и во согласност со меѓународните стандарди. Во моментот на посетата, во новите објекти беа сместени околу 200 осудени лица. Подобри материјални услови им се овозможени и на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ Битола. Имено, оваа година е завршена реконструкцијата на Затворот Битола, којашто беше финансирана од страна на Европската Унија. Реконструкцијата опфати градежни работи и комплетно нов распоред на спалните соби, при што се намали бројот на осудени лица што престојуваат во една соба, како и комплетно опремување на просториите каде ќе престојуваат осудените лица.

Дел од главните препораки кои се издвојуваат во извештајот се: итно и неодложно преземање мерки од страна на Министерството за здравство за обезбедување непречен пристап до здравствена заштита на сите осудени лица, евидентирање на сите пријави за тортура, малтретирање и нечовечко постапување спрема осудените лица, без разлика дали е тоа од страна на вработените лица во установата или меѓу осудените лица, ангажирање соодветен кадар во установите во поглед на ресоцијализацијата и развивање и

[134] Извештај за состојбата и условите во казнено-поправните и воспотно-поправните установи во Република Северна Македонија (2021) достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/izvestaj-helsinski-popravni-domovi-mk-1.pdf

имплементирање на соодветни програми за ресоцијализација, како и овозможување пристап до образование. Дополнително, сè уште останува предизвик постпеналната помош и потребата од соработка помеѓу Агенцијата за вработување и центрите за социјална работа.

## ПРАВНА ПОМОШ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Хелсиншкиот комитет за човекови права заедно со Македонското здружение на млади правници во текот на 2020 година обезбеди директна правна помош на 119 осудени лица, а дадена е и правна помош во врска со користење на механизмите за заштита од тортура и нехуман третман на 151 лице.

Како најчести правни прашања за кои е дадена правна помош се: условен отпуст, пристап до здравствена заштита, пристап до психијатриска и психолошка помош, поплака поради несоодветни материјални услови или несоодветни оброци, ограничени поволности итн. Со согласност на осудените лица и дадено полномошно од нивна страна, адвокати ангажирани од Македонското здружение на млади правници поднесоа и 24 поднесоци до државни институции за заштита на правата на осудените лица.




(од заедничката кампања со Македонското здружение на млади правници)

## ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО

На почетокот на ноември конечно се пушти во функција Воспитно-поправниот дом Тетово во село Волковија, кој претходно функционираше во рамки на Затворот Охрид. Иако установата во Волковија има капацитет за преку 100 деца и може привремено да ги смести сите деца, меѓу кои и осудените деца на казна малолетнички затвор, трансфер беше спроведен само на децата кои издржуваат воспитно-поправна мерка. Децата кои издржуваат казна затвор останаа во рамки на установата во Охрид, која не ги задоволува меѓународните стандарди од секој аспект.

Новата установа во село Волковија нуди посоодветни материјални услови за децата, но сè уште како предизвик остануваат образованието, процесот на ресоцијализација и постпеналната помош на децата, како системски проблеми кои се провлекуваат со години.

За целите на ресоцијализација, холандскиот Хелсиншки комитет заедно со Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведуваат проект кој има за цел да го подобри процесот на ресоцијализација на децата преку зајакнување на внатрешните капацитети на вработените во установата. Како прв чекор, во 2021 ќе бидат спроведени вкупно 5 обуки за вработените во ВПД Тетово од страна на експерти од Холандија, а кои ќе се однесуваат на: професионален пристап, интегритет, правила, процедури, безбедност и свест за безбедност, права и обврски на малолетниците и справување со малолетничкото однесување и управување со гневот.

## МАЧЕЊЕ И НЕЧОВЕЧКО ПОСТАПУВАЊЕ

Преку поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер Хелсиншкиот комитет доби информација дека во 2020 година до Основното јавно обвинителство – Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се поднесени вкупно девет кривични пријави, а од страна на Народниот правобранител се поднесени две. Надлежното обвинителство информираше дека во **39** предмети против **80** полициски службеници постапката е во тек.

Вкупниот број предмети за тортура и нечовечко постапување од страна на припадници на затворската полиција е **четири,** против **осум** припадници на затворската полиција. Во **три** предмети постапката е во тек, а за **еден** предмет е донесена јавнообвинителска одлука.

Основниот кривичен суд Скопје достави информација дека во 2020 година против полициски службеници и припадници на затворската полиција се во тек или се завршени само осум судски постапки, сите за кривично дело „Малтретирање при вршење на службата“.

Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници поднесоа три кривични пријави за полициска бруталност до надлежното обвинителство и обезбедија адвокати за две жртви на полициска бруталност, кои требаше да се јават во својство на оштетени пред надлежното обвинителство.

## НАДЗОРЕН МЕХАНИЗАМ

Република Северна Македонија сè уште се бори да воспостави ефикасни внатрешни и надворешни механизми за спречување и гонење на вршителите во сите случаи на тортура и нечовечко постапување во затворите и установите за лишување од слобода. Две години по измените и дополнувањата на Законот за народниот правобранител, механизмот за граѓанска контрола сè уште не профункционира, што се должи на несоодветната координација и комуникација со претходниот Народен правобранител. За создавање услови за конечно започнување со работа на телото за надворешна контрола при Народниот правобранител, особено е важно да се изработи и да се донесе методологија за работа на телото во најкус рок, која ќе биде прифатена и одобрена од сите засегнати страни.

## НЕСООДВЕТНИ КАДРИ НА РАКОВОДНИ ПОЗИЦИИ

Во 2020 година беа направени промени на некои од раководните позиции во казнено-поправните установи во РСМ. Хелсиншкиот комитет за човекови права истакна загриженост[135] во однос на тоа дали новоизбраните лица имаат доволно компентенции да одговорат на висината на задачата. Имено, лицата кои раководат со овие установи мора да имаат претходно искуство во областа на извршувањето на санкциите. Тие мора добро да ја разбираат проблематиката за да ја застапуваат установата, да се грижат за унапредување на правата на притворените и на осудените лица, да одлучуваат за нивните погодности и обврски, за нивниот третман и работен ангажман со цел ресоцијализација и нивна понатамошна социјална интеграција во општествениот живот. Години наназад, апелираме на потребата да бидат назначени луѓе на раководните позиции во казнено-поправните установи, кои не само што имаат експертиза и искуство во затворскиот систем туку се и сензибилизирани за потребата од унапредување и заштита на основните човекови права на осудените и на притворените лица. Поставувањето на несоодветни кадри е сосема спротивно на ваквите заложби и може да доведе до уназадување, наместо до унапредување на пенитенцијарниот систем во земјава.

---

[135] Хелсиншки комитет за човекови права (16 декември 2020). Достапно на https://mhc.org.mk/news/naznachuvanjeto-na-nesoodvetni-rakovodni-kadri-e-sprotivno-na-zalozhbite-za-podobar-kazneno-popraven-sistem/

# ГОВОР НА ОМРАЗА

Во 2020 година, на интернет-порталот www.govornaomraza.mk беа регистрирани **вкупно 1233** пријави поврзани со говор на омраза, што претставува зголемување за **130 %** во споредба со 2019 година. Од спроведената анализа на Хелсиншкиот комитет за човекови права, се идентификуваа четири категории како најчувствителни во општествениот контекст: *говор на омраза поради етничка припадност (42 %), политичка припадност (23 %), сексуална ориентација (18 %) од сите пријави за 2020.*

**Графикон 1 – Преглед на говор на омраза за 2020 година по категории**




**Графикон 2 – Годишен тренд на говор на омраза за 2020 година**



**Графикон 3 – Раст на говор на омраза од 2019 до 2020 година**




Негативниот аспект се темели на глобалната пандемија со ковид-19 и мерките кои беа усвоени од страна на Владата за справување со здравствената криза, како и реакциите во јавноста околу овие мерки. 2020 исто така беше изборна година, односно во јули 2020 година беа организирани предвремени парламентарни избори, што доведе до дополнителна политичка поларизација во општеството. Карактеристичен за 2020 година е драстичниот пораст на пријавите врз основ на етничка припадност. Причините за овој тренд се дополнително елаборирани подолу во текстот.

Во текот на целата година, Хелсиншкиот комитет за човекови права ја повикуваше Владата на Република Северна Македонија, особено Министерството за внатрешни работи, итно да преземат мерки што се во нивна надлежност за санкционирање на овој феномен – односно поинтензивна работа со граѓанските организации и јавна кампања за дополнителна едукација на граѓаните. Во државата сѐ уште не постои судска пракса во оваа област.

Овој феномен беше исто така актуелизиран и на ниво на Европската Унија, особено преку донесување Кодекс на однесување на големите ИТ-компании, кои имаат за цел санкционирање на говорот на омраза на социјалните медиуми[136]. Препораките што се содржани во Кодексот во голема мера кореспондираат со наодите на Комитетот, особено во потребата за партнерство помеѓу националните институции и граѓанските организации за воспоставување мрежа на мониторинг. Исто така, се констатира потребата од јавни кампањи за едукација на јавноста, како и специјализирани обуки за сите службеници што работат на оваа тема.

Јануари – април 2020 година

Во овој период беше зголемен говорот на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет како реакција на јавната кампања „Дискриминацијата завршува со мене!“ на Мрежата за заштита од дискриминација. Едно од трите промотивни видеа во рамки на оваа кампања се однесува на унапредување на правата и заштита на ЛГБТИ-заедницата што предизвика говор на омраза на социјалните медиуми, употреба на дискриминаторски јазик и омаловажување.

Хелсиншкиот комитет, врз основ на анализата од 2019 година, предупредуваше на зголемување на говорот на омраза, особено по распуштањето на Собранието и почетокот на политичката кампања во пресрет на предвремените парламентарни избори во 2020 година. Најголем број од случаите кои беа регистрирани во мартсе однесуваа на ситуацијата со пандемијата со ковид-19, воведувањето на вонредна ситуација од страна на Претседателот на Република Северна Македонија и реакциите на јавноста поврзани со мерките кои се преземаа од страна на Владата. Најмногу дигитален сообраќај, а со тоа и реакции на социјалните медиуми, беа забележани по завршувањето на официјалните прес-конференции на министерот за здравство во име на Кризниот штаб (види графикон 5)

[136] European Commission (February 2019). *How the Code of conduct helped countering illegal hate speech online.* Достапно на https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/hatespeech_infographic3_web.pdf (последен пат пристапено на 12.12.2020)

**Графикон 4 – Преглед на говор на омраза за 2020 година по категории (јануари – април 2020 година)**




**Графикон 5 – Тренд на говор за омраза (јануари – април 2020 година)**




Слично како во март, и во април најголем број од пријавите (или 61 %) повторно се однесуваат на етничката и на политичката припадност. Поттикнати од новонастанатата состојба, со воведувањето на категоријата говор на омраза врз основ на здравствената состојба, Хелсиншкиот комитет го унапреди сопствениот систем за следење.11 % од вкупниот број пријави во април беа по овој основ. По подолг период по ревидирањето на методологијата за следење на говорот на омраза, верификувани се пријави по основ на социјално потекло, како и религија и религиско уверување. Како што нагласивме погоре, зголемениот број повторно се должи на продолжената вонредна состојба во државата заради спречување на ширењето на коронавирусот. Исто така, беше забележана активна негативна дискусија помеѓу поддржувачите на партиите на власт и опозицијата, особено околу начинот на кој државата се справува со кризата, како и иницијативата на група пратеници за свикување на Собранието на Република Северна Македонија за потврдување на одлуката на Претседателот на државата за продолжување на вонредната ситуација.

Хелсиншкиот комитет во овој временски период предупредуваше на драстичното зголемување на говорот на омраза, особено во новонастанатиот контекст со прогласувањето пандемија и воведувањето вонредна ситуација во државата. Исто така, Комитетот предупреди да не се злоупотребуваат механизмите кои ѝ стојат на располагање на извршната власт и редовно да ги известуваат Претседателот на државата, медиумите и граѓанските организации за преземените мерки и нивниот ефект.  Ова беше особено важно во отсуство на функционално Собрание и можност за ефикасен надзор врз работата на извршната власт во време на вонредна ситуација.

**Графикон 6 – Тренд на говор за омраза (мај – август 2020 година)**




Како што може да се утврди од табелата за трендот на говор на омраза на социјалните медиуми за мај 2020 година, најголем број пријави се забележани во два периода – одржувањето на ѓурѓовденската литија во Струга – наспроти препораките на Владата за социјално дистанцирање и соодветните протоколи[137], и пред муслиманскиот празник Рамазан Бајрам, слично како и во април пред верскиот празник Велигден. И покрај јасните препораки на Владата за почитување на мерките за спречување на ширењето на ковид-19, дел од религиските лидери имаа спротивни ставови и препораки во тој период и дозволија одржување на религиски обреди.

Најголем број од пријавите во мај (или 67 % од вкупниот број на верификувани пријави) повторно се однесуваат на две категории, етничка припадност и политичка припадност. Ова се должи на продолжената вонредна состојба во државата за спречување на ширењето на ковид-19. Исто така, беше забележана активна негативна дискусија помеѓу поддржувачите на партиите на власта и на опозицијата, особено околу начинот на кој државата се справува со кризата и расправата околу можниот датум за одржување на предвремени парламентарни избори.

**Графикон 7 – Тренд на говор на омраза (мај – август 2020 година)**




[137] Безбедносни протоколи на Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширење на ковид-19. Достапно на: https://vlada.mk/protokoli-koronavirus?fbclid=IwAR1w6Y8bSmsKrVT-W2Jl9XhweWRFuHK4tOeQcRSC6kGVuDSeMs65nYS-hhw

Хелсиншкиот комитет за човекови права во јуни евидентираше голем број пријави (105) за говор на омраза на социјалните медиуми. Најголем број од случаите кои беа регистрирани во овој месец се однесуваа на ситуацијата со пандемијата со ковид-19 и одлуката за одржување на предвремените парламентарни избори во јули. Реакциите на социјалните медиуми беа поврзани со драстичниот пораст на новозаболени лица со ковид-19 од почетокот на месецот. Ваквата состојба доби и етнички предзнак и предизвика зголемен говор на омраза на социјалните медиуми. Најголемиот број пријави се регистрирани по последниот карантин поврзан со христијанскиот празник Духовден (неделата од 16 до 19 јуни). Слично како и во јуни минатата година (2019), кога се одржа првата Парада на гордоста во РС Македонија, во последните три дена од месецот Хелсиншкиот комитет за човекови права утврди зголемен тренд на говор на омраза по основ на сексуална ориентација и родов идентитет, а по повод серијата настани поврзани со одбележувањето на Месецот на гордоста.

Најголем број од случаите во јули се однесуваа на одржувањето на предвремените парламентарни избори (15 јули 2020 година) и генерално негативната политичка атмосфера. Тоа резултираше со висок број пријави за говор на омраза врз основ на политичка и етничка припадност. Поради изменетиот начин на којшто се водеше оваа политичка кампања поради условите наметнати од пандемијата, најголемиот број пораки од страна на политичките партии беа пренесувани и дискутирани на социјалните медиуми. Иако голем дел од кампањата се водеше виртуелно, сепак имаше и традиционална кампања со одржување митинзи, на кои не се почитуваа до крај мерките за заштита (особено носењето маски). Ова придонесе кон размена на говор на омраза на социјалните медиуми, кој освен политички, доби и етнички контекст. За споредба, од 1 април 2019 година до завршувањето на вториот круг од претседателските избори, Хелсиншкиот комитет евидентираше 63 пријави. За време на овие избори, забележано е зголемување од над 80 % на пријави за истите категории.

Негативниот дискурс од постизборието во јули продолжи и во август 2020 година со крајно засилена и навредлива реторика. Преговорите околу новата влада продуцираа говор полн со омраза, пред сè, од етнички карактер, а во контекст на преговорите помеѓу Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и Демократската унија за интеграција (ДУИ). Беше употребуван навредлив говор директно кон одредени политичари, нарекувајќи ги „продадени“, „предавници“ итн. Во текот на овие месеци, Хелсиншкиот комитет за човекови права забележа крајно националистички говор полн со омраза. Најголем број случаи беше забележан на 25 август 2020 година, по објавата за постизборна коалиција помеѓу СДСМ и ДУИ.

**Графикон 8 – Тренд на говор за омраза (септември – декември 2020 година)**



Во септември 2020 година, слично како и во изминатиот период, Комитетот забележа висок број пријави поврзани со говор на омраза, кој од овој стадиум ескалираше и во дела од омраза. Два насилни инциденти во една седмица, предизвикани од навивачка група во Скопје, повторно покажаа дека повеќе не смее да се игнорира потребата од вистинско справување со овој деструктивен феномен. И покрај големиот број јавни апели за активно дејствување на терен и на социјалните медиуми, сè уште постои интертност и нереспонзивност од страна на институциите, особено од Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство.

Сепак, Владата на Република Северна Македонија на својата 4. седница го разгледа случајот со говор на омраза кој се случи на плоштадот „Македонија“ и „најостро го осуди навивачкото поведение со кое се предизвикува омраза, раздор и нетрпеливост врз етничка основа.“ Хелсиншкиот комитет за човекови права ја поздрави оваа политичка заложба и посочи дека очекува конкретни мерки од страна на надлежните институции задолжени за превенција и санкционирање на овој феномен. Исто така, Хелсиншкиот комитет цени дека за оваа проблематика треба да се отвори поширока јавна дебата во која ќе учествуваат сите заинтересирани страни. Треба да се унапреди процесот за креирање јавни политики во областа, имајќи предвид дека говорот на омраза има свој соодветен третман во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права и Поглавјето 24 – Правда, слобода и безбедност. Хелсиншкиот комитет цени дека постојаниот висок број случаи поврзани со говор на омраза се должи на недоволното познавање на материјата, нејзиното третирање во рамки на Европската Унија и нејзините земји членки и непостоење судска пракса (како и постојаната неказнивост при прекршување на член 319 од Кривичниот законик).




Една од клучните препораки на Европската комисија[138] е дека постојат правни недоследности во регулирањето на говорот на омраза. Се бара ревидирање на законската рамка согласно со најдобрите европски практики. Комисијата констатира дека говорот на омраза е кривично дело, но дека е широко распространет на социјалните медиуми. Исто така, Хелсиншкиот комитет преку својот мониторинг се согласува дека треба да се ревидира законската рамка и да се преземат конкретни мерки за негово санкционирање преку градење на капацитетите на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство. Се потврдуваат наодите на Хелсиншки дека националните превентивни механизми за справување со говорот на омраза се неадекватни.

Најголемиот број од случаите кон крајот на годината се однесуваа повторно на пријави поврзани со говор на омраза врз етничка припадност. Во просек по 45 % од вкупниот број пријави за октомври, ноември и декември беа по овој основ. По повод Меѓународниот ден на толеранцијата на 16 ноември 2020 година, Хелсиншкиот комитет објави серија јавни апели кон надлежните институции за активно дејствување на терен и на социјалните медиуми. Пораката на Хелсиншкиот комитет е дека живееме во дел од светот кој многупати во минатото се соочил со уништувачките последици на нетолеранцијата и нејзините продукти: омразата и насилството и „...*затоа, секогаш и секаде мора да се повторува дека толеранцијата е клучна за одржување на мирот и за економскиот и социјалниот напредок на сите луѓе, а тоа особено се однесува на*

[138] Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf, стр. 30.

*општествата кои се мултиетнички и мултикултурни. Од друга страна, не смее да се игнорира социјалната нееднаквост, дискриминацијата и говорот и делата од омраза, кои произлегуваат токму од нетолерантниот однос кон другите и различните*[139]".

Хелсиншкиот комитет продолжи да бележи употреба на крајно хомофобичен тон во јавниот дискурс, со користење навредливи и дискриминаторски зборови. До крајот на годината беше забележан пораст на говорот на омраза врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет, особено по објавата за формирање на Интерпарламентарната група за поддршка на правата на ЛГБТИ-заедницата во рамки на новиот собраниски состав.

Негативните трендови на ширење омраза во земјава може да се спречат само со коренити промени, и во однос на третирањето на овие појави од страна на надлежните институциигии и во однос на неопходните реформи во образованието и комуникациската култура во целина. Особено е важна борбата против дезинформациите и лажните вести, кои редовно ја потхрануваат атмосферата на омраза во јавниот дискурс, а особено во ситуации кога недостигаат точни, навремени и верификувани информации од релевантните извори.







Во текот на 2020 година, Хелсиншкиот комитет спроведе и пилот-проект за мониторинг на говорот на омраза на локално ниво. Процесот на прибирање на податоците во градовите Тетово, Битола и Штип покажа дека етничката припадност предничи како основа за говор на омраза и на локално ниво. [140]

[139]Хелсиншки комитет за човекови права (ноември 2020). *Месечен извештај за човековите права за ноември 2020*
https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshta%d1%98-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedoni%d1%98a-noemvri-2020/
[140] Годишен извештај од мониторинг на говор на омраза на локално ниво во градовите Тетово, Битола и Штип. Достапно на:
https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshta%d1%98-od-monitoring-na-govor-na-omraza-na-lokalno-nivo-vo-gradovite-tetovo-bitola-i-shtip-2020/

# ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Во 2020 година, Комитетот регистрираше вкупно 104 инциденти на злосторства од омраза. Инцидентите беа регистрирани веднаш по нивното пријавување од страна на медиумите или Министерството за внатрешни работи. Истовремено, 37 инциденти (36 %) беа потврдени, додека 67 (64 %) сè уште се непотврдени[141]. Повеќето непотврдени случаи се поврзани со ситуации каде според другите индикатори[142] постои основа за верување дека овие пристрасни инциденти се мотивирани од етничката припадност на жртвата. И покрај нашето барање за потврда на индикаторите, МВР сè уште не ги има потврдено овие злосторства/инциденти од омраза. Етничката основа (76 инциденти) и политичката определеност (12 инциденти) повторно го заземаат најголемиот дел од основите за извршените злосторства од омраза во 2020 г. Исто така, во 5 злосторства од омраза целта се мигранти или бегалци како резултат на нивниот статус, мотивот во 4 инциденти претставува различната националност, 3 инцидента се случиле како резултат на религиозни уверувања, 2 инцидента се мотивирани од сексуална ориентација, 1 инцидент е извршен на основа на интелектуална попреченост и 1 инцидент на родова основа. Жртвите и сторителите најчесто се млади лица и припадници на различни етнички заедници.[143] Често се случува еден инцидент да ги исполнува критериумите за сомневање на постоење на две или повеќе кривични дела, па одовде бројот на кривични дела е поголем од бројот на инциденти. Повеќето инциденти се извршени како резултат на политичка определеност или политичко убедување при што жртвите не се луѓе, туку правни лица, како на пример штаб на политичка партија, како резултат на фактот што мнозинството од овие инциденти се однесуваат на штета на имот и нанесување на материјална штета.




[141] Инцидентите беа регистрирани веднаш по нивното пријавување од страна на медиумите или Министерството за внатрешни работи. За потврден инцидент се смета оној инцидент во кој со сигурност станува збор за дело од омраза врз основа на изнесените податоци од страна на засегнатите лица, медиумите и/или МВР. Непотврдените случаи се поврзани со ситуации каде според другите индикатори постои основа за верување дека овие пристрасни инциденти се мотивирани од етничката припадност на жртвата, но не може со сигурност да се потврди дека станува збор за дело од омраза.
[142] Место, начин на извршување, учество на малолетни лица и средношколци.
[143] Претежно помеѓу Македонци и Албанци.

Поголемиот дел од инцидентите биле извршени од страна на млади луѓе, додека голем дел од сторителите се непознати. Жртвите и сторителите вообичаено се припадници на различни етнички заедници,[144] додека пријавените инциденти се поврзани со одредени кривични дела уредени во Кривичниот законик.




Поголемиот број инциденти – 72 (69,2 % од вкупниот број регистрирани инциденти) се случиле во Скопје и околните општини. Во Куманово се случиле 7 инциденти, во Битола 5, во Охрид 4, во Тетово 3, во Кичево, Велес, Струга и Прилеп 2 и по 1 инцидент во Крушево, Кочани, Делчево и Струмица, додека за 1 инцидент местото на случување е непознато.

Наведените податоци се извадок од посебниот Годишен извештај за злосторства од омраза[145], кој Хелсиншкиот комитет го подготвува веќе осма година по ред и кој содржи подлабок осврт на состојбата, како и детални описи на забележаните инциденти.

[144] Главно, но не и само: Македонци и Албанци.
[145] Годишен извештај за злосторства од омраза 2020 на Хелсиншкиот комитет за човекови права, достапен на: https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-kriminalot-od-omraza-vo-2020/




**Фотографии од есенските акции за отстранување говор на омраза од јавни површини**

**Автор на фотографиите: Вилдан Дрпљанин**

# ЛГБТИ-ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА

### Ефекти од пандемијата врз ЛГБТИ-заедницата

Пандемијата на ковид-19 не е само здравствен проблем туку и шок за секое општество кој силно влијае врз благосостојбата и квалитетот на животот на ЛГБТИ-луѓето. Во време на кризи, маргинализираните заедници се поранливи, а насилството врз родовите и сексуалните малцинства се зголемува. Со загрозената безбедност и здравје, заедницата дополнително е стигматизирана. Непропорционалното влијание на пандемијата врз маргинализираните групи се одрази и врз ЛГБТИ-заедниците, ЛГБТИ-младите и адолесцентите, кои и во други околности се меѓу најранливите општествени групи. Кризната состојба го зголеми ризикот од повеќекратна и меѓусекторска дискриминација во различни области – пазарот на труд, здравството, социјалните услуги, како и пристапот до други услуги (утврдени со привремените мерки за намалување на последиците за справување со здравствената и економската криза предизвикана од ковид-19 за идентификуваните ранливи групи).

Поради рестриктивните мерки за справување со пандемијата, ЛГБТИ-луѓето се соочија со дополнителен страв и ризици – присилното живеење во хомофобично опкружување поради ограниченото движење, полицискиот час и заклучувањето; семејства кои не ги поддржуваат; зголемен ризик од бездомништво и насилство; лошо здравје и хигиена и поголем ризик од ментални проблеми. Во таа насока, безбедното и доверливо опкружување коешто го овозможува шелтер-центарот – Сигурна куќа, беше од суштинско значење за процесот на зајакнување на физичкото и менталното здравје на корисниците. Во новонастанатите кризни услови, најзначајно е дека во овој шелтер се адресираше потребата од холистичен пристап кон потребите и правата на жртвите на семејно, родово базирано насилство и насилство на основ на сексуална ориентација и/или родов идентитет, односно потребата од обезбедување минимален пакет услуги со соодветни карактеристики и квалитет.

Мерките за заштита од ковид-19 кои се однесуваа на ограничување на движењето беа дискриминирачки, особено за ЛГБТИ-паровите. Типичен пример за ова е кога при олабавувањето на мерките на почетокот на летото, Владата одлучи на една маса во угостителски објекти да можат да се социјализираат лица кои можат да докажат дека се членови на едно семејство. ЛГБТИ-луѓето кои сè уште го кријат својот родов/сексуален идентитет, а тука се особено погодени ЛГБТИ-младите, мораа да останат во домовите со своите родители и семејства, кои многу често се непријателски, па дури и насилно настроени кон нив. ЛГБТИ-луѓето своето заедништво и релации најмногу ги градат во просторите за социјализација, кои во нашата држава ги има малку и кои останаа затворени во овој период. Сето ова имаше огромно влијание и притисок врз менталното здравје на ЛГБТИ-луѓето, а кои и во нормални услови, поради општествената стигма, се многу поподложни на депресија, анксиозност, изолација и самоубиствени нагони.

Како одговор на овие проблеми и потребата од социјализација, солидарност и меѓусебна поддршка беше креирана онлајн групата „ЛГБТИ заедно во самоизолација“. Платформата се користеше на многу начини. Луѓето од заедницата се охрабрија да зборуваат за проблемите и борбите со кои се соочуваат како резултат на самоизолацијата, но исто така започнаа да организираат виртуелни настани во рамки на групата како онлајн дискусии на различни теми, дрег-настапи, музички перформанси. Ваквото постоење на една „виртуелна“ ЛГБТИ-заедница помогна да се намалат негативните ефекти на изолацијатата. Голем број настани во рамки на „Скопје Прајд 2020 – виртуелна едиција“ беа организирани токму на оваа онлајн платформа.

Од друга страна, во текот на 2020 можевме да забележиме зајакнување на лезбејско-феминистичкото движење во земјава. Неформалната група Лезфем спроведе кампања за прослава на 26 април, Меѓународниот ден за лезбејската видливост со хаштаг #ЛезбејкаеУбавЗбор. Во септември групата организираше дводневен

лезбејски камп на кој учесниците имаа можност да проследат обуки за заштита од семејно насилство, заштита од дискриминација, препознавање на говор и дела од омраза, како и да учествуваат во дискусија за споделување лични искуства. Учесничките имаа можност да се запознаат со креативниот активизам и да развијат идеи кои би сакале да се реализираат во иднина. Во текот на декември, Лезфем спроведе истражување за потребите и желбите на ЛБ+ заедницата, чии резултати ќе бидат основа за реализирање на понатамошни активности во насока на зајакнување на оваа заедница.

## Застапување

Застапувањето за унапредување на ЛГБТИ-човековите права во земјата беше голем предизвик во текот на 2020 година. Покрај здравствената криза, која сѐ уште трае и остава трајни последици особено врз најмаргинализираните заедници, се соочивме и со нестабилна политичка ситуација. Поради одложувањето на предвремените парламентарни избори, законодавниот дом не функционираше повеќе од осум месеци. Ваквата состојба го отежна процесот на застапување, во смисла на подобрување на легислативата. Застапувањето со претходниот собраниски состав беше развиено и спроведувано преку соработката со Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ-луѓето, која беше најголема поддршка во целокупното застапување за подобрување на законодавството во однос на ЛГБТИ-правата во земјата, а чие постоење стана неизвесно со распуштањето на Собранието поради предвремените парламентарни избори.

Во меѓувреме, во мај 2020 година Уставниот суд донесе одлука да се укине донесениот Закон за спречување и заштита од дискриминација, поради недостаток на потребното мнозинство при неговото гласање. Законот беше усвоен во 2019 година по долг процес на застапување и тој за прв пат вклучуваше сексуална ориентација и родов идентитет како заштитена дискриминаторска основа. Ова создаде јаз во законодавството, што резултираше со уште понестабилна состојба во однос на заштитата на човековите права на ЛГБТИ-заедницата во време на пандемија. Изборите се случија во јули, а новата Влада и Собранието беа формирани во август. По формирањето на Собранието застапувачките активности беа насочени кон повторно предлагање на законот и обезбедување поддршка за негово усвојување од новоизбраните пратеници. Истовремено, другиот постоечки проблем кој се јави со укинувањето на законот беше изборот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Изборот на нова Комисија повторно беше одложен до повторното усвојување на законот, што практично значеше дека државата останува без тело за еднаквост повеќе од една година. Во таа насока, покрај повторното усвојување на законот, застапувањето беше проширено кон изборот на нова комисија, како и кон повторно формирање на Интерпартиската парламентарна група. По низа застапувачки активности насочени кон исполнување на овие три приоритета, Законот за антидискриминација беше повторно усвоен во октомври, кон крајот на годината беше распишан и нов оглас за избор на членови на Комисијата, а се одржа и конститутивна седница за формирање на Интерпартиската парламентарна група, во која учество зедоа 14 пратеници.

Истовремено, застапувањето кон воведување на правно признавање на родот за трансродовите лица во националното законодавство продолжи во текот на целата година на национално, но и на меѓународно ниво. Нацрт-законот ја доби својата финална верзија кон крајот на 2020 година и чека на усвојување во првата половина од 2021 година.

Говорот на омраза кон ЛГБТИ-луѓето беше зголемен во текот на годината (подетално во делот за говор на омраза од овој извештај) и во таа насока подготвени беа бројни реакции од Центарот заедно со Националната мрежа против хомофобија и трансфобија. ЛГБТИ-Центарот за поддршка продолжи редовно да известува за состојбата со човековите права на ЛГБТИ-луѓето и даде свој придонес кон извештајот за состојбата со човековите права на ЛГБТИ-луѓето на ниво на Европа подготвен од ИЛГА Европа, како и кон извештајот на Европската комисија.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА

# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА 2020 ГОДИНА

